магазин за
# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 60 страници
Година 1 Број 1
Март 2022 г.
Цена 150 ден.

МЕГА ИНТЕРВЈУ

## ДАНЕЛА АРСОВСКА

Градоначалничка на Скопје

*„Ќе реализирам сѐ што е дел од визијата за модерно Скопје"*



АВИОБИЗНИС
Ексклузивно со Вања БИТОЉАНУ

**Зошто Македонија нема национален авиопревозник?**

Проф. д-р Александра СТОИЛКОВСКА

**Образованието во време на пандемија**

ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

**Интервју со поранешниот амбасадор и вицепремиер Васко НАУМОВСКИ**

magazinturizam.mk

16 години
ПОСВЕТЕНИ НА ЗНАЕЊЕТО

# УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

член на СВЕТСКА ТУРИСТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

- ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ
- ФАКУЛТЕТ ЗА МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
- ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА
- ФАКУЛТЕТ ЗА МЕЃУНАРОДЕН МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ
- ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
- ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ГЕОГРАФИЈА
- ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС И МЕНАЏМЕНТ
- ЕСБ ТРЕНИНГ ЦЕНТАР



СВЕТСКА ДИПЛОМА

www.utms.edu.mk



ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет за туризам и менаџмент**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**1000 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




Одблиску со ректорот проф. д-р Аце Миленковски 3



МЕГА ИНТЕРВЈУ: **Данела Арсовска - градоначалничка на Скопје** 4



ОБРАЗОВАНИЕ: Проф. д-р Александра СТОИЛКОВСКА **Образованието во време на пандемија** 10



АНАЛИЗА: **Проф. д-р Сашко Граматниковски - декан на Факултетот за туризам** 16



ТЕМА: **Како да се врати туризмот во кондиција?** 20



МОЈАТА ОПШТИНА: **Проблеми и предизвици за Општина Бутел** 26



РЕПОРТАЖА: **Македонски убавини - Пониква единствена на Истокот** 32



ДУРБИН: **Туризмот во светот - кратки вести и информации** 40



АВИОБИЗНИС: **Ексклузивно со Вања БИТОЉАНУ Зошто немаме национален авиопревозник?** 46



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Интервју со поранешниот амбасадор и вицепремиер Васко НАУМОВСКИ** 50



КОМПАРАЦИЈА: **Македонија и светот** 54



ЗПГМ ЗПГМ

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА
„ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ

Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/



# Одблиску со ректорот

## ПРОФ. Д-Р АЦЕ МИЛЕНКОВСКИ



***Почитувани,***

*Во време на дигитализација и наплив од достапни информации, почнуваме нов проект за да го вратиме пишаниот збор во фокус на идните генерации. Денеска можеме сè да прочитаме на интернет, но поважно е професионално и стручно да разбереме зошто се случило нешто. За едно општество што не се менува, не можеме кажеме ниту дека напредува. Инвестирајте во образование, знаење, учете секој ден и читајте повеќе.*

*Во МАГАЗИНОТ за туризам и менаџмент ќе може да прочитате атрактивни интервјуа, анализи базирани на факти и бројки, компарација на Македонија со европските земји. Ќе ви ги пренесеме убавините на нашата татковина, а одблизу ќе можете да се запознаете и со академската фела од нашиот Универзитет за туризам и менаџмент, кој 16 години се труди и успева да ги следи и ги применува современите трендовиво високото образование. Во нашиот МАГАЗИН ќе ви пренесеме успешни животни приказни, кои ќе бидат пример, инспирација и поттик за новото живеење. Не е важно која ќе биде вашата животна професија, важна е подготвеноста за нови знаења и вештини. Образованието е еден од столбовите на државата. Во изминативе децении нашиот образовен систем стана поле на кое постојано се менуваат работите, но не на конзистентен начин и не како резултат на реализација на одредена долгорочна државна стратегија за која е постигнат консензус. Кога секој ќе си ја знае својата улога во општеството и во организациите и кога ќе имаме компетентни луѓе на клучните позиции, тогаш нашата Македонија цврсто ќе чекори напред.*

*Со почит,*

*проф. д-р Аце Миленковски*

# МЕГА ИНТЕРВЈУ

## ДАНЕЛА АРСОВСКА
Градоначалничка на Скопје



*„Преземавме чекори што досега никој ги нема направено. Градот мора да работи со цел да ја врати довербата кај граѓаните, а градската администрација како нивен сервис да го подобри нивото на услуги што ги обезбедува", вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент, градоначалничката на Скопје, Данела Арсовска. Таа најавува дека за брзо време скопјани ќе добиваат брзи, ефикасни и квалитетни услуги. Арсовска во интервјуто зборува за проблемите и предизвиците со кои се соочува откако седна во градоначалничката фотелја.*

# ЌЕ РЕАЛИЗИРАМ СЀ ШТО Е ДЕЛ ОД ВИЗИЈАТА ЗА МОДЕРНО СКОПЈЕ

**Арсовска, трет месец откако сте на градоначалничката функција во метрополата, која е вашата првична оценка за кондицијата на Градот?**

Градот Скопје е презадолжен, затекнавме наследени состојби на отпочнати работи без јасна стратегија за нивно спроведување, започнати фази со проблеми без соодветен план за нивно надминување. Иако предизвиците се бројни и оставените долгови милионски, како ново градско раководство фокусирани сме на изнаоѓање решенија за надминување на проблемите. За три месеци успеавме да воспоставиме систем со кој ќе овозможиме да бидат видливи подобрувањата во начинот на кој се води градот, а едновремено да се посветиме на реализација на проекти што ќе овозможат подобри услови за функционирање во главниот град.

**Наталожени проблеми и големи предизвици се пред вас. Јавноста може да ве забележи дека сте присутна на терен, кои се најзначајните проекти што би ги издвоиле за овој краток период?**

Не сум човек што сака секоја активност да ја покажува јавно, сакаме да покажеме резултати и резултати има, но активностите и проектите штотуку започнуваат. Отпочнуваме офанзивно со реконструкција на булевари и улици што се во надлежност на градот. Чистењето на дивите депонии е проект што бараше големи напори. Со децении се дозволило да се загадува животната средина со создавање диви депонии, а со тоа и да се загрозува здравјето на граѓаните. Отпочнавме со имплементирање системско решение како да се спречи да се создаваат нови, иако е потребно и да се дејствува превентивно во насока на подигање на свесноста од последиците од нивното создавање. Отпочнавме и со примена на законот што пропишува големи казни за загадувачите, а истовремено дел од исчистените локации ќе прераснат во паркови и зелени површини.

За 82 дена успеавме да ги вратиме ноќните линии во ЈСП, да овозможиме пристапни рампи да има во сите институции што се под наша надлежност, да ги вратиме зелените бранови и одбројувачите на семафорите, отворивме канцеларија што работи 24 часа за граѓаните, служба за брза реакција. За првпат е потпишан Колективниот договор со синдикалната организација на Градот Скопје, каде што конечно беа внесени соодветно правата на пожарникарите согласно нивните барања. Нема да постои толеранција за коруптивно однесување, затоа секој директор, раководител ќе биде дел од постапката на проверка што ја почнавме. Едновремено



# СКОПЈЕ, ТВОЈ ГРАД!



отпочнавме подготовка за голем број инфраструктурни и градежни проекти што започнуваат оваа година. Работевме и на иницијатива за Закон за заштита на Водно и формиравме Градски екосовет, што ќе има пресудно значење за поврзување на проектите во Скопје во смисла на урбанистички и екорешенија. Ветивме дека нема да се трошат средствата на граѓаните ненаменски на непродуктивни трошоци, па поради тоа Договорот за угостителски услуги што претходниот градоначалник го потпишал на заминување го пренаменивме за потребите на граѓаните што се во социјален ризик.

**Градот формираше 24-часовна служба за брза реакција на повик на скопјани. Кои се најгорчливите проблеми со кои се соочуваат жителите на главниот град?**

Најчести предизвици за кои се обраќаат граѓаните се комунални проблеми, проблеми со данокот на имот, непрописно паркирање и узурпација на јавни површини. За еден месец колку што е достапна оваа услуга, пристигнати се околу 900 барања на кои се одговара во рок од 72 часа. Следна фаза е оваа функција целосно да ја дигитализираме со цел услугите на администрацијата да бидат постојано достапни и да бидат вистински сервис на граѓаните.

**За време на изборна кампања ветивте многу проекти, од бесплатен градски превоз со ЈСП, до се чини најважниот за сите нас, чист воздух и здрава животна средина. Формиран е Градски екосовет. Каква надлежноста ќе има ова тело?**

Како што напоменав, овој совет зазема важно место во сегментот заштита на животната средина, но и во планското развивање на градот. Составено е од луѓе  експерти во своите области - урбанизам, архитектура, заштита на животната средина. Градскиот екосовет, познат и како Зелен совет, има за

*Договорот за угостителски услуги за потребите на Градот потпишан од претходниот градоначалник во вредност од 32 илјади евра го пренаменивме за оброци што се диструбуираат во соработка со Ретвитни оброк, Љубезност и Црвениот крст на Град Скопје.*

цел да обезбеди совети за системски решенија за намалување на загадувањето, а особено како да се надминат на среден и на долг рок предизвиците со кои секојдневно се соочуваат скопјани.

**Арсовска, почнавте и грижа за социјално загрозени категории граѓани преку Ретвитни оброк, Љубезност и Црвениот крст на Скопје. Кој, како и каде може да дојде до топол оброк?**

Особено е важно е да им се помогне на лицата во социјален ризик. Договорот за угостителски услуги за потребите на градот потпишан од претходниот градоначалник во вредност од 32 илјади евра го пренаменивме за оброци што се диструбуираат во соработка со Ретвитни оброк, Љубезност и со Црвениот крст на Град Скопје. Оваа практика ќе продолжи и во следните години. Нема да дозволиме средствата на граѓаните да се трошат ненаменски, особено во време на криза, кога голем број граѓани се соочуваат со егзистенцијални проблеми.

**Го екипиравте вашиот кабинет, променивте и повеќе директори на јавни претпријатија. Градот Скопје започна постапка за ветинг на поставените директори. Најавивте нулта толеранција за корупција. Што планирате конкретно?**

Преземавме чекори што досега никој ги нема направено. Сите директори и лица на раководни позиции ќе минуваат низ процес на проверка со цел да се потврди дека ги исполнуваат критериумите кои би гарантирале професионално извршување на задачите на работната позиција. Мора да постојат процедури и нема да постои толеранција за коруптивно однесување. Градот мора да работи со цел да ја врати довербата кај граѓаните, а градската администрација како нивен сервис да го подобри нивото на услугите што ги обезбедува. Тоа не е едноставен процес.  Ќе почнеме со тоа што набргу ќе воспоставиме систем во кој секој граѓанин ќе мора да ја добие услугата брзо, ефикасно и квалитетно, а со тоа, кога нема да постои можност за застој во постапките, ќе се елиминира и потенцијалното коруптивно однесување.

**Како оди соработката со градоначалниците на скопските општини и може ли да издвоите која од нив има најбрз прогрес?**

За работата на градоначалниците оцената ја даваат граѓаните пред кои тие имаат обврска за реализација на своите проекти. Скопје за две години ќе биде многу поубав град за живеење, а за тоа е потребен и тимски напор. По четири години пауза, повторно во согласност со Законот, активирано е задолжителното координативно тело на Град Скопје и градоначалниците на скопските општини, каде што се дискутираат многу теми од интерес на сите десет скопски општини. Воедно се координираат и активности со цел да се надминат заедничките предизвици.



> *Скопје го приклучивме на иницијативата на Мрежата на градови од Балканот Б40 (B40 Balkan cities network). Имав можност да разговарам со повеќе од 24 градоначалници од 11 држави. Остварив и билатерални средби со градоначалниците на Белград, Атина, Сараево, Подгорица и на Истанбул. Размената на добри практики и отпочнувањето заеднички иницијативи во делот на зелената транзиција, дигиталната трансформација и инклузивноста ќе бидат во фокусот на нашата идна соработка.*

**Вашата работа е под будно око на опозицијата. Ве критикуваат секој ден, обвинувајќи ве дека сте реализирале партиски вработувања, наместо ветени проекти. Како се справувате со секојдневните критики?**

Тоа не се критики, тоа се напади базирани врз невистини. На пример, нема нови вработувања. Во најголема мера се работи за продолжување на договорите на лицата што претходно ги вработиле тие, замена за лица кои привремено се отсутни поради здравствени причини или поради редовно пензионирање. На јавноста ѝ е јасно дека нападите имаат единствена цел - тие се обид да го дестимулираат покренувањето постапки за одговорност за злоупотреба, а истовремено да се обезбеди и оправдание за катастрофалниот пораз на изборите. Не се потребни повеќе коментари за критиките упатени од личности што за цел мандат од 4 години реализирале само 5 проценти од тоа што им го ветиле на граѓаните.



**Со кои градоначалници од други земји планирате средби со цел зацврстување на соработката или можеби отпочнување нови заеднички проекти?**

Скопје го приклучивме на иницијативата на Мрежата на градови од Балканот Б40 (B40 Balkan cities network). Имав можност да разговарам  со повеќе од 24 градоначалници од 11 држави. Остварив и билатерални средби со градоначалниците на Белград, Атина, Сараево, Подгорица и на Истанбул. Размената на добри практики и отпочнувањето заеднички иницијативи во делот на зелената транзиција, дигиталната трансформација и инклузивноста ќе бидат во фокусот на нашата идна соработка.

**Како ви поминува еден работен ден во Градот, имате ли слободни мигови за семејството?**

Сè помалку има слободно време, но секој слободен момент го минувам со семејството. Нивната поддршка ми е голем поттик да го реализирам сето она е дел од визијата за модерно Скопје.

# ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА: ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА НАЈГОЛЕМ ПРЕДИЗВИК



**Пандемијата со Ковид-19, која дојде сосема неочекувано и која го фати светот неподготвен, направи голем застој во сите деловни сфери. Образованието, исто како и економијата, претрпеа големи штети. Образовните институции, кои никогаш претходно не работеле онлајн, се најдоа затечени од новонастанатата ситуација. Стручната фела е согласна дека на образованите институции им биле потребни месеци за да ги постават и за да ги усогласат електронските платформи, а процесот дополнително бил отежант и од фактот што на професорите, учениците и нивните родители им била неопходна обука за тоа како да ги користат интернет алатките.**

Професорката Александра Стоилковска од Универзитетот за туризам и менаџмент – Скопје, вели дека почетокот на онлајн наставата ја одбележале низа проблеми.

„Голем дел од учениците немаа можности за вклучување онлајн бидејќи во семејствата имаа по еден или пак ниту еден компјутер. Во едно семејство со две деца, проблем е да се одлучи кое има предност да го следи часот онлајн, а кое не. Друг проблем што не можеше веднаш да се премости беше недостатокот на подготвени онлајн часови. Сите материјали требаше да се адаптираат за онлајн примена. По ништо не се разликуваа состојбите во високото образование. Немање платформа, искуство и материјали за онлајн настава, беа дел од проблемите со кои се соочија професорите и студентите. Сето тоа негативно се одрази врз процесот на учење.

Последиците од недоволно усвоените знаења веќе ги чувствуваме и тие тешко можат да се надоместат", вели Стоилковска, додавајќи дека во УТМС добро се справиле со кризната ситуација бидејќи наставната методологија што ја применува Универзитетот од своето основање користела онлајн алатки.

„Студентите често знаат да го наречат е-универзитет. Имено, секој професор своите предавања и останатите потребни материјали, литература итн., ги има поставено на интерната платформа, наменета за нашите студенти. Професорите одамна ги имаат усвоено вештините и употребуваат електронските алатки за онлајн предавања. Исто така, и студентите знаат да ги користат. Токму затоа наставата без проблем беше префрлена од настава со физичко присуство во онлајн настава. Во времето кога МОН ги бараше информациите за подготвеност на универзитетите за онлајн настава, ние веќе работевме онлајн", вели професорката Александра Стоилковска.

Оваа академска година Универзитетот за туризам и менаџмент - Скопје започна редовна настава со физичко присуство, согласно мерките и протоколите за заштита од Ковид-19, велат од Универзитетот, додавајќи дека наставата со физичко присуство дава подобри резултати.

„Електронските алатки за настава на Универзитетот се користат и во наставата со физичко присуство. Методологијата на работа на Универзитетот бара максимална вклученост на студентите на часовите. Тоа секако подобро може да се изведе со физичко присуство", вели професор Стоилковска.

Според неа, најголемата загуба на УТМС од пандемијата била токму во однос на практичната настава.



**Проф д-р Александра Стоилковска**
Декан на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси на УТМС

*„Студентите често знаат да го наречат „е-универзитет". Имено, секој професор своите предавања и останатите потребни материјали, литература итн., ги има поставено на интерната платформа, наменета за нашите студенти. Професорите одамна ги имаат усвоено вештините и ги применуваат електронските алатки за онлајн предавања. Исто така, и студентите знаат да ги користат.*

„Соработката со деловниот секторот е многу важна за УТМС. Контактите и соработката на Универзитетот со него е многу интензивна. Сепак, за време на пандемијата бизнисите не можеа да ги прими нашите студенти на практична настава. За жал, само мал дел од студентите ја имаа таа можност", заклучува професорката Александра Стоилковска.

Пандемијата, сепак, најмногу ги погоди студентите. Онлајн наставата не само што делумно им го ускрати правото на квалитетно образование, туку им нанесе уште поголем удар на младите животи оневозможувајќи им да се социјализараат со своите врсници.

Виктор Темелковски, студент на Универзитетот за туризам и менаџмент, вели дека во екот на пандемијата, кога наставата по налог на здравствените власти се одржуваше од далечина, најмногу му недостасувале средбите со професорите.

„При одржувањето на наставата ние ги презентираме нашите истражувачки трудови, односно, семинарски работи. Мислам дека сме во голема загуба бидејќи не ги надградивме нашите презентерски вештини во тој период. Сепак, со оглед на тоа што оваа година наставата се одвива со физичко присуство, сметам дека со малку поголем напор ќе го надокнадиме изгубеното", вели Темелковски.

Студентите од УТМС не кријат дека Универизтетот и покрај пандемијата им овозможил успешно да се подготват за испитната сесија преку ефикасна и надградена интерна платформа, на која и покрај далечината, им се достапни сите предавања на професорите, електронската библиотека и сите потребни информации за предметите.

„Оваа електронска платформа функционираше и пред пандемијата. Затоа немавме проблем да ја надминеме оваа пандемиска криза.



**Виктор Темелковски**
Студент на УТМС

Професорите на Универзитетот во секој момент се подготвени да ни помогнат да го совладаме материјалот, без оглед на тоа дали работиме онлајн или на средбите со физичко присуство. Тоа е една од главните карактеристики на Универзитетот“, вели студентот Виктор Темелковски.

Темелковски смета дека единствена предност на онлајн наставата е тоа што нуди безбедност во време на пандемија, но сепак целосен бенефит од наставата се добива само со физичко присуство.

Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, бурната пандемиска 2020 година ќе ја памети и по еден убав јубилеј – 50 години од почетокот на работата на Факултетот. Деканот, Цветко Андрееcки, за нашиот Магазин, признава дека како и сите други образовни институции, така и Факултетот за туризам и угостителство преку ноќ морал да се приспособи на новите услови со настава на далечина.

„Иако нашиот факултет имаше искуство со таков начин на студирање (Факултетот за туризам и угостителство – Охрид имаше лабораторија за учење на далечина уште од 2013 година), за одреден број професори тоа беше нов пристап во работата. Со оглед на тоа што универзитетските електронски адреси се администрирани од gmail, логичен беше изборот да ја избереме платформата Google Meet, но и другите придружни алатки како Google Classroom, Google Contacts, Google Forms и Calendar за да ги синхронизираме сите наши активности, а истовремено студентите да ги имаат сите информации и можност да ги следат часовите според распоредот на наставата. До крајот на летниот семестар во академската 2019/2020 година направивме анкети со студентите за да го испитаме нивното мислење во врска со наставата и проверката на знаењата и врз основа на нивните одговори, активностите ги приспособивме според барањата на мнозинството. Веќе од следната академска 2020/2021 година, целиот систем на одржување на настава и организирање на колоквиуми и испити беше многу полесен“, вели Андрееcки.

Иако почетокот со онлајн наставата бил тежок за сите, сепак најмногу тоа го почувствувале професорите што работат во лабораторија или кои држат предмети во кои се учи одредена методологија на истражување.

„Таа настава не може и не треба да се учи онлајн. На пример, работа во кујна со студентите на студиската програма гастрономија е невозможно да се одржува онлајн. Или предмети како математика, статистика и други аналитички предмети многу подобри се учат ако професорот е во реална училница пред студентите. Преку анкетите што претходно беа спомнати, студентите побараа колоквиумите и испитите да се полагаат со физичко присуство. Тоа беше забрането сè до јунскиот испитен рок во 2020 година, но почнувајќи од тој испитен рок до денес, сите испити и колоквиуми се одржуваат со физичко присуство, со почитување на протоколите за организирање такви настани“, вели професорот Андрееcки. Тој додава дека комуникацијата со студентите е многу важна бидејќи на Факултетот за туризам студираат и студенти од странство, и тоа од: Србија, Косово, Русија, Германија, Албанија, со кои најголемиот дел од комуникацијата се одвива токму преку онлајн алатките.

„На Факултетот за туризам и угостителство – Охрид наставата се одвива комбинирано. Предметите и предметните содржини што е невозможно да се држат онлајн и предметите што е подобро да се одржуваат со физичко присуство, се одржуваат во просториите на факултетот. Останатите се одржуваат онлајн.

Има предмети во кои дел од предметот се одржува онлајн, а остатокот со физичко присуство. Сите комбинации се дозволени, сѐ со цел да се обезбеди поквалитетна настава за студентите“, вели Андреески.

Она што е од најголема важност за секој студент да биде успешен во работа по завршување на студиите е токму практичната настава. Таа за студиските програми од областа на туризмот (туризам, хотелско-ресторански менаџмент и гастрономија) и во услови на пандемија се реализирала без проблеми. Дури и во 2020 година, дел од студентите добиле можност да работат преку летото во угостителските објекти, а дел од нив својата практична настава ја реализирле во ресторанот и кујната на факултетот.

„Проблем се јави кај другите студиски програми како царина и шпедиција, осигурување и менаџмент на услужниот сектор. Институции што работаат во областа на студиските програми што се наведени не сакаа да примаат наши студенти поради неможноста да се испочитуваат протоколите за заштита дадени од Министерството за здравство. Тоа го надополнивме со онлајн настава и настава на факултетот од еминентни стручни лица од практиката, кои на овај начин работеа со студентите на практични теми. Така на пример, вработени во Царинската управа работеа со наши студенти на примери за пополнување на царински декларации и нивна проверка. Студентите на нашиот факултет имаат можност да следат предавања и од стручни лица од странство за одредени теми од областите што ги изучуваат“, ни рече деканот Цветко Андреески. Тој посочи и дека на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, веќе четири години по ред се организира летна школа во соработка со француската организација CIFE, на која студентите имаат можност да следат настава и од професори од странство.

„Сето тоа придонесува да го збогатат своето теоретско и практично знаење од областа, но и да стекнат пријателство со свои колеги од други универзитети“, вели професорот Андреески.



**Проф д-р Цветко Андреески**
Декан на Факултет за туризам и угостителство – Охрид


UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
FINANCING POSSIBILITIES OF THE LOCAL GOVERNMENT
A PANEL REGRESSION ANALYSIS OF HUMAN CAPITAL RELEVANCE IN SELECTED SCANDINAVIAN AND SE EUROPEAN COUNTRIES
EMPIRICAL ESTIMATION OF THE MULTIPLICATIVE EFFECTS OF STELL INDUSTRY IN MACEDONIA BY USING INPUT-OUTPUT MODEL
STATE INVESTMENT IN SCIENCE AND SCIENTIFIC PRODUCTIVITY OF UNIVERSITIES
CAPITAL INVESTMENTS AND FINANCIAL PROFITABILITY
EMPIRICAL ANALYSIS OF DEMAND FOR ROOF TILES: EXAMPLE OF TONDACH COMPANY
CLASSIFICATION OF TOURIST SEASON IN COSTAL TOURISM
HEALTH TOURISM AND 'SMART SPECIALISATION'
ANALYSIS OF TOURISM INDICATORS IN FUNCTION OF TOURIST OFFER ENRICHMENT IN MACEDONIA
THE IMPACT OF MEDICAL TOURISM ON THE QUALITY OF ORGANIZATIONAL AND FUNCTIONAL CHANGES IN THE POLISH HEALTHCARE SYSTEM
SUSTAINABLE TOURISM AND HOTEL MANAGEMENT IN MACEDONIA TROUGH THE USE OF RENEWABLE ENERGY SOURCES
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk

# АНАЛИЗИ И ПРЕДВИДУВАЊА НА СВЕТСКАТА ТУРИСТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ

Пишува: Проф. д-р Сашко ГРАМАТНИКОВСКИ,
декан на Факултет за туризам, Универзитет за туризам и менаџмент

**Меѓународниот туризам доживува пораст од 4% во 2021 година, во споредба со 2020 година (415 милиони, наспроти 400 милиони туристи годишно). Сепак, меѓународните туристи сѐ уште се на 72% од 2019 година, според прелиминарните проценки на Светската туристичка организација. Ова се најновите анализи по туристичкиот крах во 2020 година, најлошата година за туризмот, кога бројот на меѓународни туристи се намалува за 73%.**

Првото издание на **Светскиот туристички барометар** на Светската туристичка организација од 2022 година покажува дека зголемените стапки на вакцинација, во комбинација со олеснување на ограничувањата за патување поради зголемената прекугранична координација и протоколи, помогнале во ослободувањето на затворената побарувачка. Меѓународниот туризам умерено закрепнува во текот на втората половина на 2021 година, при што меѓународните пристигнувања се намалени за 62% и во третиот и четвртиот квартал во споредба со нивоата пред пандемијата. Според ограничените податоци, меѓународните пристигнувања во декември биле 65% под нивото од 2019 година. Целосното влијание на варијантата омикрон и порастот на случаите на Ковид-19 допрва треба да се видат.

## ТЕМПО НА ЗАКРЕПНУВАЊЕ

Темпото на закрепнување останува бавно и нерамномерно низ светските региони поради различните степени на ограничувања на мобилноста, стапките на вакцинација и довербата на патниците. Европа и Америка бележат најсилни резултати во 2021 година во споредба со 2020 година (+19% и +17% соодветно), но сепак и двете се на 63% под нивоата пред пандемијата.

Како подрегион, Карибите забележаа најдобри перформанси (+63% над 2020 година, иако 37% под 2019 година), при што некои дестинации се приближуваат или ги надминуваат нивоата пред пандемијата. Јужна Медитеранска Европа (+57%) и Централна Америка (+54%), исто така, уживат значително закрепнување, но остануваат за 54% и 56% намалени на нивоата во 2019 година, соодветно. Северна Америка (+17%) и Централна Источна Европа (+18%), исто така, се искачуваат над нивоата од 2020 година.

Во меѓувреме, Африка бележи зголемување од 12% на пристигнувања во 2021 година во споредба со 2020 година, иако ова е сè уште за 74% под 2019 година. 65% под нивоата од 2020 година и 94% во споредба со вредностите пред пандемијата, бидејќи многу дестинации остануваат затворени за несуштински патувања.


Проф. д-р Сашко Граматниковски



*Извор: Светска туристичка организација*

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ

Економскиот придонес на туризмот во 2021 година (мерен во директниот туризам бруто-домашен производ) се проценува на 1,9 трилиони американски долари, над 1,6 трилиони американски долари во 2020 година, но сепак далеку под вредноста од 3,5 трилиони американски долари пред пандемијата. Приходите од извозот од меѓународниот туризам би можеле да надминат 700 милијарди американски долари во 2021 година, што е мало подобрување во однос на 2020 година поради повисоките трошоци по патување, но помалку од половина од 1,7 трилиони американски долари забележани во 2019 година.

Се проценува дека просечните трошоци по турист ќе достигнат 1.500 американски долари во 2021 година, што е зголемување од 1.300 американски долари во 2020 година. Ова се должи на големите заштеди и подолготрајниот престој, како и повисоките цени за превоз и сместување. Франција и Белгија пријавуваат релативно помал пад на расходите за туризам со -37% и -28%, соодветно во текот на 2019 година. Саудиска Арабија (-27%) и Катар (-2%), исто така, објавуваат нешто подобри резултати во 2021 година.



## ПРЕДВИДУВАЊА ЗА 2022 ГОДИНА

Според најновиот Експертски панел на Светската туристичка организација, повеќето туристички професионалци (61%) гледаат подобри изгледи за 2022 година. Мнозинството од експерти (64%) сега очекуваат меѓународните пристигнувања да

*Предвидување на експертите за враќање на туризмот на нивото од 2019 година*




**Извор: Светска туристичка организација*

се вратат на нивоата од 2019 година дури во 2024 година или подоцна, што е зголемување од 45% во септемвриското истражување.

Индексот на доверба на Светската туристичка организација покажува благ пад во периодот јануари-април 2022 година. Брзото и пораспространето вакцинирање, проследено со големо укинување на ограничувањата за патување и поголема координација и појасни информации за протоколите за патување, се главните фактори идентификувани од експертите за ефикасно закрепнување на меѓународниот туризам. Сценаријата на UNWTO покажуваат дека меѓународните туристички пристигнувања би можеле да пораснат за 30% до 78% во 2022 година во споредба со 2021 година. Сепак, тоа би било 50% до 63% под нивото пред пандемијата.

Неодамнешниот пораст на случаите со Ковид-19 и варијантата омикрон треба да го нарушат закрепнувањето и да влијаат врз довербата до почетокот на 2022 година, бидејќи некои земји повторно воведуваат забрани за патување и ограничувања за одредени пазари. Во исто време, вакцинирањето останува нерамномерно, а на многу дестинации сè уште им се целосно затворени границите, главно во Азија и Пацификот. Предизвикувачкиот економски амбиент може да изврши дополнителен притисок врз ефективно закрепнување на меѓународниот туризам, со порастот на цените на нафтата, зголемувањето на инфлацијата, потенцијалниот пораст на каматните стапки, високиот обем на долгот и континуираното нарушување во синџирите на снабдување. Сепак, тековното закрепнување на туризмот на многу пазари, главно во Европа и Америка, заедно со широко распространето ширење на вакцинација и големо координирано укинување на ограничувањата за патување, може да помогне да се врати довербата на потрошувачите и да се забрза закрепнувањето на меѓународниот туризам во 2022 година.




**Проф. д-р Сашко Граматниковски на меѓународниот саем за туризам ФИТУР во Мадрид**

Додека меѓународниот туризам отскокнува, домашниот туризам продолжува да го поттикнува закрепнувањето на секторот во зголемен број дестинации, особено оние со големи домашни пазари. Според експертите, домашниот туризам и патувањето блиску до дома, како и активностите на отворено, производите засновани на природата и руралниот туризам се меѓу главните туристички трендови што ќе продолжат да го обликуваат туризмот во 2022 година.





# ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО ВО 2022 ГОДИНА

## СÈ Е ИСТО КАКО ЛАНИ ИЛИ СЕ ПОМРДНУВАМЕ ОД МРТВА ТОЧКА?

**По две години не(успешно) справување со економските последици од пандемијата што ја предизвика вирусот Ковид-19, ќе успее ли конечно туристичко-угостителскиот сектор да застане на нозе, а фирмите да прокнижат профит? На компаниите и понатаму им е неопходна финансиска поддршка, некои од нив веќе почнаа да ги враќаат државните пари, а како капак на сè, трошоците вртоглаво растат нагоре, почнувајќи од цените на храната, струјата, парното, горивата, па сè до работната сила која треба „посолено“ да се плати. Во продолжение очекувањата на некои од чинителите во овие дејности.**

Планирањето се одвива тешко, реализацијата уште потешко. Неблагодарно е да се прогнозира, иако очекувањата се главно позитивни. Во туристичко-угостителскиот сектор претпазливо и оптимистички ја чекорат 2022-рата. Се надеваат на подобро, но предпандемиските нивоа, велат се сѐ подалечна цел. Иако се очекуваше тие да се достигнат веќе годинава, реалноста е дека за тоа ќе почекаме уште некоја година. Сите се едногласни - сѐ повторно ќе зависи од пандемијата. Ако условите за патување се заострат, сеедно дали од македонска страна или од некоја друга држава, ќе изостанат гостите. Домашните туристи можат да спасат нешто, колку-толку, но факт е дека „странските тури" носат заработувачка и развој.

„Очекуваме постепено враќање на туристите, но за да се забрза тоа мора напорно да се работи за да се врати довербата во дестинацијата. Што се однесува до патувањата на нашите граѓани, желбата за патување е голема, стравот од Ковид веќе е сѐ помал, но но тие сепак ќе зависат од рестрикциите што ги наметнуваат државите. Очекуваме 2022 година да биде многу подобра од 2021, но сѐ уште под нивото на состојбите пред пандемијата", вели Владимир Граматиков од Сојузот на стопански комори.

Ако се анализира првиот месец, може да се забележи дека речиси сѐ останало исто како и лани. Ниту настаните за дочек на Нова година, Божиќ, фрлање на светиот крст за Водици, Вевчанскиот карневал, не го зголемија драстично бројот на гости. Крсте Блажески, претседателот на ХОТАМ, вели дека бројот на туристи и заработката во охридско-струшкиот регион во јануари опаднале за 50% споредено со првиот месец од предпандемиската 2019.

„Ковид-19 трае веќе две години и влегува во трета. Со оглед на сите предвидувања, со сезоната 2022-ра би требало да се отпочне околу април, мај. Тоа не значи дека ќе имаме добра година, бидејќи 4-5 месеци ќе бидат изгубени. Ако се промени во негативна смисла ситуацијата со Ковид-19, тогаш тоа ќе биде крах за оваа, но и за други индустрии", вели Блажески.

Најавите за чартер летови со странски туристи засега упатуваат на солидна сезона. Очекувано ќе изостанат некои од редовните гости, поради рестрикциите за влез и за излез



**Владимир Граматиков**
Сојуз на стопански комори



**Панорама на Охрид**
*Извор: https://explore.mk*



од матичните земји. Други, пак, особено оние од земјите од Бенелукс повторно се враќаат во игра. Едно е сигурно, фокусот на туристите од регионот засега е најдобра опција за заработка.

„Што се однесува за дојдовниот туризам, се очекува да се обноват чартер летовите од традиционалните дестинации Холандија, Белгија и Полска. Ќе изостанат најверојатно израелските туристи (кои исто така беа традиционални на охридското крајбрежје), но тоа е поради високите рестрикции за патување наметнати од страна на нивните власти", вели Граматиков.

„Веќе се договорени кон средината на мај чартер летови од ТУИ Холандија, Белгија, Полска, Британија. Исто така се договорени летови од Москва за охридскиот регион", вели менаџер на хотел на охридското крајбрежје.

Ограничувањата за влез во угостителските објекти со сертификати и новата мутација омикрон од Ковид-19 дополнително ја уништуваат угостителската дејност во 2022, се жалат од Независната угостителска комора. Прconfiguring човек на НУК, Здравко Јосифовски смета дека и покрај тоа што на прв поглед изгледа дека протоколите за работа се поповолни, тоа било далеку од вистина. Дополнителните проверки на МВР и на надлежните инспекторати ги доиспразниле кафеаните и ресторните, па приходите драстично опаднале, а загубите сè повеќе се таложеле.

„Дополнителните зголемувања на цените на сите енергенси и суровини на угостителите им создаваат зголемени трошоци со што се генерираат уште поголеми загуби. Прашање е дали некој угостител во месец јануари успеал да оствари приходи на позитивна нула, а и да постојат такви, може да се избројат на прсти. Ако минатата година приходите беа преполовени во однос на планираните и очекувани приходи што угостителите ги остваруваа пред пандемијата, овој јануари тие се смалени и до 70% од нормалните", алармира Јосифовски.

Најголема кочница за туристичко-угостителскиот сектор секако се протоколите за патување и рестрикциите наметнати од државите. Колку што почесто се менуваат, толку компаниите треба побрзо да реагираат. Да ги преправаат плановите, да ги менуваат активностите, едноставно во последен миг да ја менуваат туристичката понуда и да спасат сè што може да се спаси. Токму затоа, сè додека не се олабават мерките, не може да се очекува ниту поголемо подобрување на состојбите. Угостителите сметаат дека Владата потфрлила кога е во прашање едуцирањето на населението околу заштитата од Ковид-19. Тие бараат укинување на дополнителните и оставање само на основните превентивни мерки за заштита на здравјето, со што треба да се овозможи рамноправност на

> ***Дополнителните зголемувања на цените на сите енергенси и суровини, на угостителите им создаваат зголемени трошоци, со што се генерираат уште поголеми загуби.***



**Здравко Јосифовски**
Независна угостителска комора

работењето на фирмите и слободата и движењето на граѓаните.

На туристичко-угостителскиот сектор му е неопходна натамошна поддршка за да не колабира, а како најадекватна, нашите соговорници ја посочуваат директната и неповратна државна помош.

„На овој сектор треба да му се помогне на кој било начин, но најефикасен би бил директна помош за компаниите. На пример, врз основа на платениот данок во 2018, 2019 година“, смета Крсте Блажески.

„Предлог на секторот е да се намали ДДВ, да се ослободат од трошоци за вработените за здравство, пензиско, да се дадат бескаматни кредити, но без услови како во комерцијалните банки“, предлага Ана Марија Алексова од туристичката агенција Стаф.

Сите се сложни дека државата треба да ги вложи сите расположливи ресурси за да ја промовира Македонија како атрактивна и безбедна дестинација за патување, со сигурни Ковид-протоколи. Во спротивно, ако не бидеме брзи, ќе ги изгубиме потенцијалните гости, кои ќе одберат друга дестинација која е веќе активна со својата промоција.

„Доколку го испуштиме чекорот со регионот, ќе изгубиме многу туристи, што потешко ќе се надомести. Приливот на странски туристи е всушност извозната страна на туризмот, која претставува директен прилив на девизи во државата. Поради ова, државата треба недвосмислено да го поддржи туризмот и со финансиски средства за ликвидност на компаниите (кои сè уште се во тешка финансиска состојба) и со субвенции, бидејќи тие средства за многу брзо време ќе се вратат повторно во економијата“, побара Граматиков.



**Ана Марија Алексова**
Сојуз на стопански комори



## ЦЕНИТЕ НЕМИНОВНО ЌЕ РАСТАТ

Спиралата на поскапувања повеќе никој не може да ја запре. Секојдневно растат цените на прехранбените производи, државата веќе подолг период се наоѓа во енергетска криза, па од годинава ќе плаќаме повеќе и за струја и за парно греење. Ќе се зголемува и минималната плата. Се вивнаа и берзанските цени на нафтата, па горивата се блиску до највисоките вредности. Граѓаните веќе сигурно ќе треба да очекуваат поскапување на туристичките аранжмани, а повеќе ќе ги чини и седењето во угостителските објекти.

„Порастот на цените е неизбежен. Од сите страни има притисоци. Пораст на енергијата, работната сила, намирниците = пораст на финалниот производ. Ќе се почувствува на пролет", најавува Блажески од ХОТАМ.

„Со јануарските сметки многу од угостителите ќе се соочат со проблемот и предизвикот на големите покачувања на цените на енергенсите, како и на новите покачувања на суровините. Тие од една страна ќе бидат приморани да применат покачувања на цените на своите угостителски услуги, додека од друга страна принудните зголемувања ќе придонесат за намалување на бројот на гости и на приходите", вели Јосифовски од НУК.

Континуитетот во финансиската помош што ја барале изостанал, вели Јосифовски од НУК. Единствена мерка што им помогнала е неповратната финансиска помош од 6. сет, но требала да трае до укинувањето на забраните и ограничувањата на работа.

„Ваучерите не им помогнаа пропоционално на сите угостители, туку селективно беа искористени во определени угостителски објекти. Останатите мерки, за жал, се испоставија дека не се ништо друго туку класични државни кредити што угостителите веќе ги враќаат и покрај тоа што функционираат во услови на пандемија со сите протоколи, проследени со дополнителни забрани и ограничувања во работата", вели Јосифовски.

## ТУРИСТИЧКИТЕ АГЕНЦИИ ВО НЕИЗВЕСНОСТ

Сакаат да бидат оптимисти, но континуираните промени во условите за патување, постојано им прават проблеми. Поради неизвесноста, луѓето и натаму резервираат во 5 до 12. За рани уплати и по неколку месеци однапред речиси и да не станува збор. Единствено Турција останува константа во понудата, бидејќи е единствената дестинација која во ниту еден момент не се затвори во изминатите две години на ковид криза. Се нудат аранжмани и за Албанија за која лани имаше огромна побарувачка, како и за Египет како една од поексклузивните дестинации.

„Во моментов актуелни се аранжманите за 8 Март, и тоа дестинации каде што постојат полесни услови за патувања, како на пример Истанбул, Атина, Сараево, Нови Сад, Белград, Будимпешта, Букурешт, Прага. Она што е најбарано како дестинација е секако Италија, но оттаму ни пристигнуваат поразувачки информации дека сè уште нема да е возможно патување таму во следниот период. Некои агенции веќе почнаа со продажба на летните аранжмани, но понудата е далеку поскромна од порано", вели Силвана Јовановска од ГО Травел.

Барањата за скијачката сезона на стартот од годинава се далеку од задоволителни. Дури ниту стандардните ски дестинации во Бугарија како Банско, Боровец и Пампорово не се резервираат како порано. Зимската сезона кај некои агенции се сведе на Копаоник, што е недоволно за да ги покријат основните трошоци од работењето.

„Покачени се цените во Бугарија и Србија, тоа е една од причините за намалениот интерес. Политичката состојба со Бугарија исто така има влијание. Барања најмногу имаше за Македонија, но за жал кај нас нема доволно сместувачки капацитети. Минатата зима не е за споредба, но падот во споредба со тие пред кризата е голем, над 80%", вели Ана Марија Алексова од ТА Стаф.

Кога почна пандемиската криза, голем дел од уплатените туристички аранжмани останаа неискористени, па агенциите им излегоа пресрет на граѓаните и им понудија ваучери, кои требаше да ги искористат до крајот на ланската година. Сепак, поради затворањето на границите и рестрикциите при патувањата, некои не го сторија тоа, па сега речиси сите агенции го пролонгираат овој рок до крајот на 2022 година.

Оваа година сигурно ќе биде уште една година полна со предизвици за чинителите во туризмот и угостителството. За обновување на пазарот што го изгубија речиси преку ноќ и достигнување на перформансите од 2019, според сите проекции, ќе почекаат најрано до следната, а најдоцна до 2025 година.

# ИНТЕРВЈУ СО ДАРКО КОСТОВСКИ

## Градоначалник на Општина Бутел

*Општина Бутел има одлична местоположба за привлекување инвеститори*



**По само неколку месеци откако седна во градоначалничката фотелја, градоначалникот на општина Бутел, Дарко Костовски, заедно со Град Скопје влегоа во офанзива за нови заеднички проекти. Костовски најавува дека ќе ги развива туризмот и спортот на Скопска Црна Гора. Во интервјуто за Магазинот за туризам и менаџмент, тој најавува и ревизија на работењето на неговиот претходник.**

**Нов предизвик во вашиот живот. Добивте доверба од жителите на Општина Бутел во следните 4 години со амбициозна програма за реализација на над 80 проекти. Веднаш стартувавте со инвестирање во градинки со цел да се подигне квалитетот за престој на децата. Дали градинките и училиштата ќе бидат во фокус за време на вашето владеење?**

На почеток сакам да се заблагодарам за добиената доверба од моите граѓани и уште еднаш да потврдам дека програмата што ја ветив ќе биде реализирана.
Од таа причина, од самиот почеток инвестиравме 13.000.000 денари во општинските основни училишта и клоновите на детската градинка 11 Октомври. За прв пат ООУ „Гоце Делчев" добива комплетно нов кабинет по информатика, а по 15 години ООУ „Лиман Каба" добиваат нови компјутери. Исто така, обновен е и кабинетот за информатика во ООУ „Ацо Шопов" во населба Радишани. Набавени се и интерактивни табли за сите основни општински училишта, со што го подобривме квалитетот во наставната програма. Се градат на мое големо задоволство и две ултра модерни спортски игралишта за кошарка во ООУ „Ацо Шопов" и во „Климент Охридски". Што се однесува до детската заштита, комплетно се опремени 10 занимални со нови масички, нови столчиња, нови интерактивни табли и дидактички играчки. Исто така, изградено е и посебно



**Дарко Костовски**
Градоначалник на Општина Бутел





детско игралиште наменето за двата клона во населеното место Бутел 1. Ќе оставам на читателите да проценат за колку е променет квалитетот на престојот на децата. Но тука не заршуваме, јас како релативно млад човек и како родител знам точно од колкава важност е своето дете да го оставите во фантастични услови и безгрижно да си ги извршувате работните обврски. Накратко да, градинките и училиштата ќе се во мојот фокус за време на целокупното мое работење. За 18 месеци ќе биде завршено училиштето во Визбегово, а оваа година ќе започне и изградбата на детската градинка „Св. Климент Охридски“. И на мое големо задоволство, обезбедени се финансии и за доградба на ООУ „Ацо Шопов“ која ќе ги задоволи потребите за дополнителен дневен престој, па овој голем проблем со кој се соочуваат родителите од населба Радишани за многу скоро ќе биде надминат.

**Кои се првите најважни проекти кон кои сте насочени?**

На самиот старт се зафативме за зголемување на хигиената на општината. Започнувавме од чистење на пешачките патеки, паркинзите, улиците. Голем акцент се стави на расчистување на дивите депонии. Само во првата недела од моето владеење исчистивме 12 огромни депонии, а до денес се исчистени над 20 депонии. Започнавме и со еден од носечките проекти во мојата програма, чистење на речното корито на река Серава. Првата фаза која е во тек е чистење на коритото, а потоа следуваат целосно уредување, изграднба на трим патека, поставување на нова урбана опрема, со што кејот на реката Серава ќе прерасне во ново рекреативно место за граѓаните на Општина Бутел.

Во тек се подготовки за реалиазција и на останатите носечки проекти од мојата програма, како што се Олимпискиот спортски центар и големите нови паркови. Се подготвува и една градежна експанзија во наредниот период со асфалтирање на улици, нова фекална и атмосферска мрежа онаму каде што е потребно. Накратко, ќе се работи во секое населено место и ниту едно од нив нема да биде заборавено. Општина Бутел заслужува рамномерен развој.



Градоначалникот Дарко Костовски со својот тип



*Движечка сила на едно општество се младите. Како градоначалник, како тренер постојано опкружен со млади луѓе, а пред сè како човек, ќе направам сè што е во моја моќ да обезбедам услови за подобар живот за младите во Општина Бутел. Подобрите услови за живеење, за учење и работење, нови културни содржини, мислам дека сето тоа ќе придонесе нашите млади да останат во општината и општо во Македонија.*

**Како планирате да ја наполните општинската каса и да ги реализирате ветувањата пред граѓаните со оглед на тоа дека затекнавте долгови?**

Да, за жал затекнавме општина со долгови, но во мојата природа не е да се жалам, туку со одговорно работење ќе го менаџираме долгот. Веќе на самиот старт од мојот мандат ги укинав непотребните трошоци, ја намаливме огромната администрација што ја затекнав и мислам дека со сет на мерки ќе се стабилизира општинаска каса. Секако, покрај редовните полнења на општинската каса, за првпат, формиран е тим во општинската администрација задолжен за привлекување финансиски средства од фондовите што ни се достапни.

**Кои се најгорливите проблеми кои ги затекнавте во општината?**

Број еден беше преголемата општинска администрација што воопшто не одела на работа, а за која се трошеле огромен број финансии од буџетот на Општината. Останати

проблеми што ги затекнав се неефикасната администрација, како и бавното решавање на проблемите на граѓаните.

**За време на вашата кандидатура обвинивте за мито од страна на претходното раководство дури и за обични документи за легализација. Дали имате докази за тоа и дали планирате да ги доставите до надлежните институции?**

Не сакам да зборувам на памет сѐ додека детално не се истражи секој предмет. Во овој момент се прегледуваат сите нерегуларности, сите пријави од граѓаните за мито, корупција и изнуда пред сѐ во урбанизмот. Секако дека кога ќе ги имаме точните докази, ќе ги доставиме до надлежните институции, но и до целокупната јавност, за да има увид каде сѐ се трошеле нивните средства.

**Дали ќе направите ревизија на работата на претходниот градоначалник?**

Да, на наша иницијатива испративме барање до Државниот завод за ревизија. Оваа година нашата општина е на списокот општини во кои ќе се врши ревизија на работењето на градоначалникот и администрацијата во изминатиот период. Но и покрај ДЗР, ние со нашиот внатрешен ревизор почнавме внатрешна ревизија и контрола во неколку сектори.

**Дали планирате да привлечете нови инвеститори и какви услови планирате да им понудите?**

Самата местоположба на нашата општина дозволува развој на малите претпријатија, како и на лесната незагадувачка индустрија. Поврзувањето со обиколницата, брзиот и лесен пристап кон сите страни од нашата земја, па и кон границите, како и развиените индустриски зони кои ги имаме се еден добар предуслов за привлекување на инвеститорите. Индустриската зона Визбегово е една од веќе потврдените индустриски зони за брз развој на фирмите. Во склоп на општината ја имаме и индустриската зона на Љуботенски пат, која нуди идеални можности за развој. Но, покрај двете веќе постоечки индустриски зони, и во мојата предизборна програма, планирано е изградба на уште две нови индустриски зони, кои ќе бидат на одлична местополжба и кои ќе понудат квалитетни услови за нови инвеститори.

**Дали постои можност за реализација на заеднички проекти со градоначалници од други општини?**

Апсолутно. Со градоначалничката на Град Скопје, Данела Арсовска, веќе имаме воспоставено соработка, избрано и договорено што ќе се работи. Со задоволство може да кажам дека тука заеднички ја започнуваме целосната реконструкција на улицата Бутелска, а во текот на оваа година и реконструкција на улицата Радишанска. Покрај овие две главни улици, ќе се реконструираат и улица Скопевска во населбата Радишани, како и други големи улици за кои во овој момент се изработуваат проекти. Меѓу другото, заедно со Градот Скопје, ќе реализираме и други проекти како што е уредување на речното корито на река Серава. Исто така во план имаме и реализација на проекти со нашите соседни општини, со што ќе се подобри квалитетот на живот на нашите сограѓани.

**Дали како градоначалник ќе се заложувате за задржување на младите?**

Движечка сила на едно општество се младите. Како градоначалник, како тренер постојано опкружен со млади луѓе, а пред сѐ како човек, ќе направам сѐ што е во моја моќ да обезбедам услови за подобар живот на младите во општина Бутел. Подобрите услови за живеење, за учење и работење, нови културни содржини, мислам дека сето тоа ќе придонесе нашите млади да останат во општината и воопшто во Македонија.

**Греењето е најголемиот проблем на жителите во овие населени места. Досега имаше најави за гасификација, но без успех. Кои се вашите планови да се намали греењето на дрва, со цел намалување и на загаденоста на градот?**

Да, загаденоста како впрочем и во цело Скопје е голем проблем. Уште поголем проблем е тоа што многу мал дел од жителите на Општина Бутел се приклучени на централното градско греење. Имаше најави и од претходните власти за гасификација, но не е проблемот само Општина Бутел. Проблемот со гасификација е со целиот град. Јас ќе направам сè што е во моја моќ и надлежност за да успее гасификацијата. За жал, не зависи само од мене. До тогаш ни остануваат акциите со зазеленување на општината, кои ќе ги започнеме со почетокот на пролетта.

**Депониите се сериозен проблем за скопјани. Визбегово беше едно од населените места каде што успеавте да го исчистите насобраниот смет. Кои се другите локации?**

Во овие први 100 дена од мојот мандат исчистивме над 20 депонии, дел поголеми, дел помали. Исчистени се неколку клучни депонии во населените места Расадник, Љуботенски пат, село Љубанци и село Љуботен, како и веќе во споменатото населено место Визбегово. За мене приоритет е здрава, чиста животна средина и чист воздух. Континуирано ќе работиме на расчистување на депониите. На сите исчистени места поставивме и инфомормативни табли со телефонски број на кој граѓаните ќе можат да пријавуваат создавање нови депонии и фрлање на шут.







Анализа на урбанистички план

Апелирам граѓаните да бидат наш партнер во целиот овој процес и заедно да се погрижиме за чиста Општина Бутел.

**Во програмата ветивте субвенции за нови фасади и покриви. Кога планирате да почнете со реализација и како ќе се одвива аплицирањето?**

Во овие тешки периоди на економска и енергетска криза, ние како општина сакаме на граѓаните да им понудиме квалитетни решенија со цел заштеда на финансиски ресурси. Работиме на целиот проект околу начинот на реализација и делот на кофинансирање. Аплицирањето ќе се одвива преку општинската администрација со посебна апликација, а целиот проект би требало да започне со реализација по обезбедување на финансиските средства.

**Планинскиот масив Скопска Црна Гора стана главна дестинација за велосипедистите и планинарите. Дали планирате да инвестирате во подобри услови за спортистите?**

Спортот е моја работа и пасија што ја работам долги години. Јас и брат ми веќе со години инвестираме во спортот и во младите спортисти. За прв пат од осамостојувањето на Република Македонија, нашиот Дејан Георгиевски донесе сребрен медал со златен сјај од последните летни олимписки игри. Во спортот и во спортската инфраструктура ќе се инвестира најмногу. Во самата програма можете да го видите и еден од носечките проекти, а тоа е модерниот олимписки спортски комплекс што ќе започне со реализација во мојот мандат.

Во однос на Скопска Црна Гора, мислам дека конечно го пронајде своето место кај граѓаните, не само на Општина Бутел, туку и на цело Скопје. Сончевите денови што ги има, чистиот воздух и пристапноста едноставно ги привлекуваат планинарите, велосипедистите и спортистите. Во план се проекти за развој на туризмот на Скопска Црна Гора. За почеток, обележувањето на планинарските патеки, нови велосипедски патеки, како и изградба на летниковци се дел од мојата визија.

**Што друго ќе инвестирате во населените места за поубав живот на граѓаните?**

Како што напоменав и погоре, нема да има заборавени населни места во Општина Бутел. Во секое населено место ќе се гради и ќе се инвестира согласно потребите на граѓаните. Во нашите програми веќе се влезени сите проекти што се планира да се реализираат. Меѓу другото, ќе се инвестира во нови спортски игралишта, пред сè фудбалски и кошаркарски, нови детски игралишта, мини паркови и простор за рекреација, со што ќе придонесеме граѓаните на Општина Бутел квалитетно да го поминуваат своето слободно време. Ќе се инвестира и во нови улици, реконструкција на постоечките, нови тротоари, изградба на фекална и на атмосферска канализација. Практично, сето она што им е потребно на граѓаните за поубав живот во зависност од населените места.

**Дали со новата градоначалничка позиција успевате да најдете време за себе и вашите блиски? Како го поминува Костовски слободното време?**

Иако од самиот почеток наметнавме едно динамично темпо со многу работа што практично и да немам работно време, сепак успевам да најдам време за она што е најбитно во мојот живот, мојата фамилија. Слободното време најмногу ѝ го посветувам на мојата керќичка и го поминувам во игра и прошетка со неа.



Зимски пејсаж од Пониква

# ПОНИКВА – ЕДИНСТВЕН СКИЈАЧКИ ЦЕНТАР ВО ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА



*Ски центарот е школски пример за лошо менаџирање. Јавното претпријатие „Пониква“ кое го формираа општините Кочани и Пробиштип и кое требаше да стопанисува со ски центарот никогаш не профункционира, па честите дефекти предизвикани од неповолните временски услови и недомаќинското работење, го отежнуваат неговото функционирање. Се планираше финансирањето да биде заедничко, од буџетите на двете општини. Реализацијата се покажа како неуспешен проект. Откако ниту една општина не го презеде целосно управувањето, односно само повремено колку-толку се одржуваше опремата, се избра концесионерот „Еурокомерц“, компанија која сега стопанисува со терените – одговорна е за подготовка на патеките, одржување на ски лифтовите, организација на ноќното скијање.*

Во прегратките на Осоговските Планини, на надморска височина од 1.580 метри, на 20 километри оддалеченост од Кочани е сместен скијачкиот центар Пониква. Полека, но сигурно, иако и понатаму во сенка на Маврово и Попова Шапка, Пониква станува едно од омилените места за скијање за време на зимскиот распуст за децата и нивните родители, особено оние од Истокот. Не дека имаат избор – Пониква е единствениот скијачки центар во овој дел од Македонија. Ја нарекуваат воздушниот бисер на Осоговието, место каде што вљубениците во природата можат да се одморат од сите животни стресови, да се наполнат со позитивна енергија и да уживаат во живописниот пејсаж, кој доживува кулминација за време на зајдисонцето.

## БЕЗ ДРЖАВНИ ПАРИ - НИШТО?

Заборавена од времето, локацијата добива повеќе на значење во 2012 година. Со финансиска помош во опрема во висина од 20 милиони евра од МЕПСО, Владата и донација од Швајцарската влада, релативно непознатата скијачка дестинација станува туристичка атракција. Еден милион евра се вложија во опрема за вештачки снег: топови, ратрак, моторна санка. Изградена е вештачка акумулација, електроенергетска и водоводна инсталација за пренос на вода и за подготовка на вештачки снег. По малку трагично, но по пауза од дури четири децении, конечно пред две години беа реконструирани и дотраените скилифтови. Скијачките патеки се опремени со рефлектори за ноќно скијање, кое повремено се одвива на двете скијачки патеки од 17 до 20 часот. Сепак, несоодветното чување на опремата доведоа до тоа пред 5 години, непосредно пред стартот на скијачката сезона 5-те топови за вештачки снег да бидат надвор од употреба. Причината – биле исечени и украдени каблите. Пред целосно да се санираат недостатоците, неколку скијачки сезони функционираа само повремено кога ќе се наталожеше снежна покривка.



## ЛОШО УПРАВУВАЊЕ

Скијачкиот центар е школски пример за лошо менаџирање. Јавното претпријатие „Пониква“, кое го формираа општините Кочани и Пробиштип и кое требаше да стопанисува со центарот, никогаш не профункционира, па честите дефекти предизвикани од неповолните временски услови и недомаќинското работење, го отежнуваа неговото функционирање. Се планираше финансирањето да биде заедничко, од буџетите на двете општини. Реализацијата се покажа како неуспешен проект. Откако ниту една општина не го презеде целосно управувањето, односно само повремено колку-толку ја одржуваа опремата, се избра концесионерот „Еурокомерц“ да стопанисува со терените, компанија одговорна за подготовка на патеките, одржување на скилифтовите и организација на ноќното скијање.



Скијачки центар Пониква



## ПАТОТ ДО ПОНИКВА

Кривулестиот пат од Кочани до Пониква оваа зима е чист и прооден. Реконструиран е целосно во две фази пред неколку години. Кога нема снег, 20-те километри се возат за околу половина час. Овој јануари, по обилните врнежи од снег, се појавија голомразица и помали одрони на патот, но надлежните навреме реагираа. Сепак, повремено се појавуваат помали проблеми во одвивањето на сообраќајот. Се случува да претрчуваат животни, не ретко има и коњи на патот, што доведува до блокирање на сообраќајот. Додека возите од Кочани кон Пониква можете да почувствувате и мирис на чад и смрдеа од неколку километри оддалечената депонија, како и од околните диви депонии што често горат. Проблемот со одлагање на отпадот не е нов, па така на патот кон Осоговските Планини може да се забележи отпад од најразлични видови – телевизори, компјутери, стакла, троседи, што претставува лоша слика за навиките на жителите на Кочани и околните места.

Инфраструктурата, пак, во самото срце на Пониква е во очајна состојба. Раскопани асфалтни необележани патеки за пешачење се сликата што ќе ве дочека во најатрактивниот, средишен дел од центарот. Приодите кон некои од најпопуларните и најпосетувани угостителски и сместувачки објекти се неасфалтирани. Паркинзите се посебна приказна. И покрај ситните вложувања за обезбедување на нови паркинг места, хаосот во зимските месеци е неминовен. Автомобилите се оставаат каде било, а површините за пешачење се узурпираат за стационирање на возилата. Има и несовесни граѓани што се „дрзнале“ дури и да ја оштетат скијачката патека. Лани, на почетокот од јануари, неколку возачи со џипови поминале низ скијачката стаза, го раскопале снегот и ја уништиле за користење.





## МОЖНОСТИ НА СКИЈАЧКИТЕ ЦЕНТРИ

Скијачкиот центар се состои од два скилифта (еден за почетници, друг за средно напредни скијачи), викендици, терени за спортски активности, хотели, кафеани, услуги за рентање и сервис на скијачка опрема. Идеално место е за најмладите да научат да скијаат. Скијачките патеките се пошироки и подолги, што ги прави погодни за почетници. На Пониква има и детско одморалиште со капацитет од 220 легла. Вкупниот капацитет за примање гости е ограничен на околу 400 луѓе, не броејќи ги приватните вили што се стотина на број и за кои е неопходно претходно закажување. Оваа сезона интересот за Пониква е на задоволително ниво. Поатрактивните сместувачки капацитети се резервирани со недели однапред. Слободни апартмани евентуално можат да се најдат за време на работната недела, од понеделник  до петок.

Пониква важи за една од најевтините скијачки дестинации во земјава. Одлична е за семејни одмори, бидејќи цените за сместување, храна и пијалоци, како и дневен билет за скилифт и рентање опрема се пристојни и пониски отколку во другите центри. На пример, дневен скибилет за деца чини 500 денари, а за возрасни 600 денари. Скилифтовите преку ден работат од 10 до 15 часот. За ноќно скијање (вообичаено во среда и во петок), во времетраење од три часа треба да се издвојат 500 денари.

Никола Стојков е човекот што секој ден го поминува на Пониква. Го наследил деценискиот бизнис од својот татко. Тој продава, изнајмува и сервисира скијачка опрема. Важи за еден од најревносните промотори на скијачката дестинацијата. Да бидеме искрени, на интернет просторот нема да најдете вебстраница „Скијачки центар Пониква", информациите од надлежните општини се оскудни, па за многумина токму Никола е главниот извор од кој можат да дознаат за активностите што се случуваат и состојбата на скијачките стази. Тој преку својата фејсбук страница „Ски Надја", и по неколку пати дневно споделува слики и видеа за сè што би можело да ги интересира скијачите – дали паднал снег, колкава е снежната покривка, дали има поволни временски услови за организирање ноќно скијање, дали се подготвени стазите и слично. Цените по кои ги нуди производите и услугите се многу поволни.

„Заинтересираноста е сè поголема. За 300 денари може да се изнајми цела опрема за еден скијач. 200 денари чини рентање на санка, а 400 денари на сноуборд", вели Никола.

Сместувачките капацитети се релативно евтини. Цела вила, за 4 до 6 лица, зависно од понудените услови може да се изнајми за 2.500 до 6.000 денари. Мал апартман отприлика чини 2.000 денари. Просечна цена на полн пансион по лице изнесува 1.500 денари. Истовремено и цените во угостителските објекти се значително пониски од оние во останатите скијачки центри.

Од пред 3 години, во рамките на комплексот е отворен и туристичкиот информативен центар Пониква. Во објектот, туристите може да добијат информации, мапи, летоци и други печатени и промотивни видеоматеријали, како и сувенири за продажба. Инфоцентарот располага со сала за состаноци и за семинари што може да се изнајмува, со што се обезбедуваат средства за одржување на објектот.

Освен, очекувано, масовната посетеност во зима врзана за белите спортови, локацијата станува примамлива и за развој на екстремни спортови како планински велосипедизам и параглајдерство.



Ски центар Поникква

## НЕДОСТИГ ОД ИНВЕСТИЦИИ

Освен неопходните вложувања во основна опрема за работа, на Пониква речиси и да нема нови инвестиции во последниве години. Напоменавме дека инфраструктурата во самиот скијачки центар е во лоша состојба, но метежот од народ особено во викендите неминовно упатува на тоа дека ќе мора да се прошират постоечките капацитети. Никола Стојков вели дека новата локална власт ветила вложувања во нови скилифтови, па останува да видиме дали и тој проект ќе ја види светлината на денот.

„Треба да има уште ден до два скилифта, бидејќи многу повеќе луѓе доаѓаат споредбено со претходните години. Сè повеќе туристи има, а ограничени сме со два скилифта.  Новиот градоначалник ни вети дека ќе направат уште еден скилифт. Имаме ние овде едно место што одговара, па ќе видиме. Вака има многу гужва и возрасни и деца. Исто, треба некој под концесија да го земе и паркингот кај т.н. Аеродром, да го чисти, да го одржува, да има луѓе што ќе ги насочуваат и распоредуваат автомобилите. Сега, за време на викенд се прави метеж. Во сабота и недела околу 12-13 часот кога е хаос доаѓаат полицајци, но тоа не е решение," вели Никола.

Кога пред неколку месеци ја бараше довербата на гласачите, сегашниот градоначалник Љупчо Папазов излезе со низа ветувања за нова скијачки патека, патишта до викендичките, како и за целосна инфраструктура за водоснабдување и одведување на отпадните води.

„Пониква е гордоста на Кочани, на неа ќе изградиме целосна инфраструктура за водоснабдување и одведување на отпадните води. Ќе подготвиме урбанистичка документација за изградба на нови хотелски комплекси, а ќе бидат изградени и нов скилифт и нова скијачка патека. Опремата што ја оставивме, а која е сега во очајна состојба, ќе ја подигнеме и ќе ја ставиме во функција на посетителите на Пониква. Ќе изградиме нов скилифт и нова скијачка патека. Ќе ги асфалтираме сите пристапни патишта до викендиците", најавуваше тогаш Папазов.

Скијачка патека на Пониква



## МАСОВНА ИЗГРАДБА НА ВИКЕНДИЧКИ

Освен скијачите и угостителите, интерес за Пониква како викенд населба покажаа и граѓаните од околината, но и од други градови низ републиката, кои се повеќе градат викендици во околниот предел опкружен со густа букова шума и разновидна вегетација. Локалните власти во Кочани и во Пробиштип изминатите години направија напори за урбанизација на делови од рекреативниот центар Пониква, кои потоа беа понудени на продажба. Интересот беше огромен, сите парцели добија нови сопственици. Цените очекувано се вивнаа нагоре. Ако метар квадратен државно земјиште за изградба на викендици во 2014 се продаваше за багателни 240 денари, во 2018 цената достигна 820 денари за квадратен метар. Општината Пробиштип, пак, си овозможи, преку новиот урбанистички план за скијачкиот центар Пониква да продава плацеви за нови 200 викенд куќи, но и за хотели и угостителски објекти. Добрите познавачи на околината и рекреативците не се задоволни од масовната урбанизација на Пониква. Велат дека токму фактот што локацијата административно ја делат две општини, придонесува за архитектонски хаос поради непланско градење. Имено, граница меѓу двете локални заедници е патот. Инфоцентарот, скилифтот „3“, Манастирот Св. Василиј, угостителските објекти и голем број викендички се под надлежност на општина Пробиштип, а скилифтот „1“ и викенд населбата се на Општина Кочани. Поради желбата на локалните власти за брзи пари од комуналии, посетителите се жалат дека средишниот дел на Пониква е натрупан со викендици, кафеани и паркинзи, па просторот за шетање е сведен на минимум.

За разлика од она што е видливо на терен, студијата за развој на скијачкиот центар Пониква стара 10 години предвидуваше многубројни инвестиции со кои локацијата требаше да прерасне во модерен спортско-рекреативен центар со разновидни содржини. Планот беше да се понудат активности атрактивни за посетителите преку цела година, а не само во текот на неколкуте зимски месеци. Освен инфраструктурни проекти во самото место и сообраќајно поврзување на комплексот со Пробиштип, како и проширување на сместувачките капацитети, зголемување на бројот на скијачки патеки и на нивната должина, се предложуваше и изградба на спортска сала, скијачки парк за деца и почетници, сноуборд парк, стази за спуштање со гумени чамци на снег, две планинарски колиби, лизгалиште, парк за планински велосипедизам, адреналински парк, тобоган итн. Од сето ова, засега нема ништо. Планови постојат, но реализацијата изостанува.

Кон крајот на 2020 година, Осоговските Планини беа прогласени за заштитен предел (заштитено подрачје од категорија V) и прво поголемо заштитено подрачје во Македонија после Националниот парк „Галичица“ во 1958 година. Со оваа заштита се зголемува потенцијалот за рекреативен и спортски туризам, за социоекономски развој на регионот, се создава можност за креирање на брендирани производи и нивен пласман.

**Викендица на Пониква**
*Извор: Вила Дора - Пониква*







# ТУРИЗМОТ НА КОЛЕНА – БРОЈОТ НА ПАТУВАЊА НАМАЛЕН ЗА НЕВЕРОЈАТНИ 73%

**Европа најпосакувана дестинација за туристите**

Пандемијата со коронавирус успеа туризмот да го доведе речиси на дното. Овој сектор последен пат, ваков пад забележал пред 32 години, во 1989 година. Во 2019 година, бројот на меѓународни патувања во светот го достигнал врвот од 1,47 милијарди, а во 2020т паднал на 401 милиони патувања, покажуваат истражувачките анализи на компанијата „Statista Research Department".

Најатрактивна за патување и натаму останува Европа. Според податоците на „Statista" од 2005 година, Европа го привлекува најголемиот број на туристи од целиот свет. Но пандемијата со Ковид-19 ги намали турите за околу 68% во 2020 година. Податоците велат дека во 2019 бројот на патувања во Европа бил 746 милиони, а годината потоа, кога вирусот зема замав, 235 милиони.  Во азиските земји во 2019 година влез имале 360 милиони патници, но во 2020 само 60 милиони.



# ДУРБИН - ВЕСТИ СВЕТ

## Туризмот во светот

### Како пандемијата со Ковид-19 влијае врз глобалниот пазар на патувања?

Туризмот како сектор беше најпогоден бидејќи земјите ги ограничија несуштинските патувања, влезот во секоја земја го оптоварија со строги протоколи и бирократија, со цел да се спречи ширењето на вирусот.

Според истражувањата на „Statista", приходите на глобалниот пазар за патувања и туризам се намалија во 2020 година, опаѓајќи за речиси 60 отсто во однос на 2019 година. Најмалку уплати се забележани за крстарење и пакетите одмор „all inclusive". Токму оние понуди што им носеа најмногу приходи на туристичките агенции и хотели.

### Колкав е придонесот на БДП од патувањата ширум светот од 2006 до 2020?

Вкупниот придонес од патувањата и туризмот во глобалниот БДП во 2020 година бил приближно 4.671 милијарди долари. Оваа бројка забележа огромен пад во однос на претходните години како резултат на пандемијата со Ковид-19. Во 2019 година изнесувал 9.170 милијарди долари, а во 2018 година 8.810 милијарди долари. Пред 14 години, во 2006 година изнесувал 5.610 милијарди долари.

**Бруто-домашен производ во туризмот во светот во изминатите две децении**




*Извор: WTTC@Statistica*



Аја Софија, Истанбул
*Извор: https://travel.kompas.com*

# ТУРЦИЈА СО ПОЛНА ПАРЕА РАБОТИ НА ТУРИЗМОТ, ЗЕМЈАТА ЌЕ ВЛОЖИ 35 МИЛИЈАРДИ ДОЛАРИ ДА ПРИВЛЕЧЕ ПОВЕЌЕ ТУРИСТИ



## Предвремените резервации рапидно растат, зголемени за 68%

***Кампањите се емитуваат на телевизии во 22 земји низ светот***

Турција ќе вложи 35 милијарди долари во секторот туризам во оваа година, посочи министерот за култура и туризам Мехмед Нури Ерсој. Тој е оптимист дека парите ќе бидат вратени назад во буџетот бидејќи предвремените резервации за одмор веќе се во голем број.

„2019 година беше многу добра година, кога Турција прими речиси 51,7 милиони странски туристи, а приходите изнесуваа 34,5 милијарди долари. Сепак, во услови на пандемијата Ковид-19, во 2020 година, пристигнувањата и приходите на странските туристи се намалија на 16 милиони лица и 12 милијарди долари, рече Ерсој во телевизиско интервју на 13. јануари.

Туристичките понуди и побарувања лани биле намалени и до 80% за време на пандемијата, бидејќи Турција имало само 68% посетители во однос на претходната година.

„Меѓутоа, како што предвидовме, Турција беше сведок на закрепнување во форма на V во туристичката индустрија во 2021 година.

Хотел Конкорд, Анталија
*Извор: https://www.otelz.com/hotel/concorde-de-luxe-resort?lang=en*





Кападокија

# ПАТУВАЊА ЗА ВРЕМЕ НА КОРОНА

## Корона или не, младите и натаму патуваат низ светот

*2021 најпопуларни дестинации: Тајланд, Ирска, Египет, Малдиви и Јужна Африка*

Минатата година, 29 милиони туристи ја посетија земјата, а приходите изнесуваа 24 милијарди долари", рече тој, истакнувајќи дека Турскиот статистички институт наскоро ќе ги објави конечните официјални податоци за 2021 година.

Ерсој, исто така, истакна дека резервациите за предвремени одмори веќе се зголемени за 65 отсто во споредба со минатата година.

„Кампањите за промоција на Турција се емитуваат на ТВ во 22 земји. Откако ќе заврши бранот омикрон, резервациите ќе се зголемат. Очекуваме околу 2,5 милиони британски туристи", посочи Ерсој.

Министерот смета дека сертификатите ќе обезбедат бзебеден туризам и посочи дека туристичките капацитети во Турција биле строго проверувани најмалку два пати месечно, а условите за работа се менуваа според појавата на нов сој на Корона вирусот.

„Другите земји усвоија слични шеми неколку месеци откако Турција ги започна, но тие не беа толку успешни како Турција. Всушност, програмата за сертификат за безбеден туризам беше толку успешна што ќе стане постојана и нејзиното име ќе биде сменето во Сертификат за безбеден и зелен туризам во 2023 година", рече министерот.

Пандемијата не ги спречи младите да патуваат низ светот. Најпогодени гранки од вирусот Корона се двата најбрзорастечки сектори претходно -  угостителството и туризмот, но сепак тоа не ги спречи голем број авантуристи да стигнат до посакуваните дестинации.

Условите за патување се отежнати за сите земји низ светот. Потребни се сертификати за вакцинација од одредени производители, негативни ПЦР тестови, а во некои земји и брз антиген тест при излез од сопствената земја и влез во друга. Но овие строги услови за патување не ги спречи младите да патуваат низ светот. Според некои истражувања, најмногу туристи биле застапени од 18 до 35 години.

Податоците на туристичките агенции покажуваат дека патниците се определувале за една од трите опции, а тоа е плажа на подалечни или на помалку познати дестинации.

Статитските велат дека најтрактивни дестинации минатата година за време на пандемијата биле Тајланд, Ирска, Египет, Малдиви и Јужна Африка. Понудите за младите туристичките агенции ги прават според истражувања на социјалните мрежи на Инстраграм и Тик Ток.



Драч
*Извор: https://en.wikipedia.org*

## АЛБАНИЈА ПОЛЕКА НО СИГУРНО СЕ ВРАЌА КАКО АТРАКТИВНА ДЕСТИНАЦИЈА ЗА ЛЕТУВАЊЕ

### *Минатата година ја посетиле 5,6 милиони туристи*

Три милиони повеќе туристи влегле во Албанија минатата година споредбено со 2020 година. Според Институтот за статистика, земјата ја посетиле 5,6 милиони туристи. Но, сепак, овие бројки не се доволно големи за да закрепне албанскиот туризам, бидејќи не го достигнал нивото на посетители пред пандемијата во 2019 година. Тогаш приливот на туристи достигнал 6,4 милиони.

Туристите од Косово го спасија туризмот минатата година, со речиси 2,6 милиони граѓани кои дојдоа во земјата, речиси двојно повеќе отколку во 2020 година, кога нивниот број беше значително помал поради рестриктивните мерки поврзани со пандемијата. Тежината на патриотскиот туризам значително се зголеми, надминувајќи ги дури и нивоата од 2019 година, наведува Топ Чанел.

Голем наплив изминатата година има и на полски туристи, со над 112 илјади посетители.

Покрај напорите и желбата да се привлечат што повеќе елитни туристи, повторно оние од регионот доминираат на влезовите во земјава. Споредено со 2020 година, се зголеми бројот на посетители од Црна Гора и Македонија, но и од соседните земји Грција и Италија, оценува Топ Ченал.

Додека земјата се надева на зголемен број туристи, нејзините жители патувале надвор од границите. Според статистиката, по ублажување на рестриктивните мерки од страна на другите држави, повеќе од 4,1 албански државјани отпатувале во други земји, но значително помалку отколку во 2019 година, пред пандемијата, кога нивниот број достигна речиси 6 милиони.





Хотел Тонанти, Врњачка Бања
*Извор: https://www.bigblue.rs*

## СРБИЈА САКА ДА ЈА ЗГОЛЕМИ ПОНУДАТА ВО БАЊСКИОТ ТУРИЗАМ, БАРА ИНВЕСТИТОРИ ВО ДУБАИ

### *Организирана трета по ред конференција на ЕКСПО 2020 Дубаи*

Србија во потрага по странски инвеститори да вложат во бањски туризам. Власта сака да ја зголеми понудата за туристи во нејзините центри за „Spa & Wellness". На саемот на



Хотел Кемпински, Банско
*Изовр: https://www.kempinski.com*

# БУГАРИЈА ИМ ДОЗВОЛИ НА МАКЕДОНЦИТЕ ДА ЗИМУВААТ ВО СКИ ЦЕНТРИТЕ НО ПОД СТРОГА КОНТРОЛА НА ЗДРАВЈЕТО

***Направени над 100 илјади резервации од Македонија, Србија, Турција и Израел***

Строга контрола при влез во Бугарија за сите туристи од Македонија, Србија, Турција и Израел, за да не се затвори пристапот до бугарските зимски центри, повика министерот за туризам во Бугарија, Христо Проданов.

Министерот вели дека оваа зима биле направени повеќе од 100 илјади резервации од граѓаните на овие 4 земји. И доколку се направат рестрикции може да доведе до големи последици бидејќи државата инвестирала многу пари во маркетинг за привлекување на туристи од земјите.

Овие земји првично биле ставени на црна листа на здравствените власти, но со тоа зимската сезона ќе заврши предвреме, затоа Проданов разговарал со министерката за здравство Асена Шербрзова за да се смени одлуката. Одлучиле дека со сертификат и валиден ПЦР тест туристите можат да влезат во земјата.

„Тогаш не треба да има пречка за влез на овие луѓе. Овие мерки важат за сите граѓани на ЕУ. Битката е здравствениот систем да издржи за да има каде да се примаат болните", рече Проданов.

Проценката на министерот е дека, засега зимската сезона добро се одвива и вака ќе заврши доколку нема итна ситуација поврзана со пандемијата. И  очекува оваа сезона да биде значително подобра од претходната.



светската изложба Експо 2020 во Дубаи, тим од Агенцијата за развој на Србија и ЕКСПО - Србија организираа конференција, која годинава му беше посветена на инвестирањето во бањи и сместувачки и хотелски капацитети со цел зголемување на туристичката понуда.

На пресконференцијата што се случуваше во текот на ЕКСПО - Дубаи, беше прикажани целата понуда на Србија за бањски туризам и големите можности за инвестирање во нови и адаптирање на постоечките сместувачки капацитети.



**Врњачка Бања**
*Извор: https://www.wellness-spa.rs*

# НЕМАМЕ НАЦИОНАЛЕН АВИОПРЕВОЗНИК ОД КОРУПТИВНИ ПРИЧИНИ

*„Националната компанија нема да биде само субвенција, тоа ќе значи вработување луѓе, висококфалификувани и платени луѓе, ќе биде придонес кон БДП, и апсолутен придонес на сите други работи од храна па натаму. Така што, апсолутно сум за тоа да имаме национален авиопревозник. На тој начин и државата повеќе ќе се промовира, државата ќе може повеќе да организира и летови кон Охрид и летови кон Скопје, и може да оди во сосема друга насока од нискобуџетните компании. Нискобуџетните компании сега не се за туризам, или се многу малку за туризам. Тие што патуваат, патуваат индивидуално, тешко да има групи туристи во нискобуџетните компании. Нискобуџетните компании се добри за народот да прошета, да не биде затворен и толку, и тоа е мал дел од нашиот народ. Другите патници се гастербајтери, луѓе што работат надвор", вели Битољану.*



Да патуваме со авион или не, дали е безбедно во однос на Ковид-19 или не. Ова се честите прашања што си ги поставуваме последните две години откако почна пандемијата. Едно е факт - авиобизнисот во целиот свет доживеа огромен пад како резултат на рестрикциите поради пандемијата.

Но, каква е состојбата со македонскиот авиобизнис? На оваа тема ексклузивно разговаравме со Вања Битољану, поранешен извршен директор на Палер Македонија и експерт во оваа област.

Според Битољану, за граѓаните е позитивна одлуката да се субвенционираат нискобуџетни авиокомпании, но сепак стои на ставот дека на земјава ѝ е потребен национален авиопревозник. Будалаштина е, според него, воспоставување авиолинија од Скопје до Софија, а како што вели тој, мали се шансите во блиска иднина да има директна линија од Скопје до светските центри, како Њујорк на пример. Има шанса за се зголемува бројот на патници од претходно постигнатиот рекорден број, ама тоа би се исполнило со добра организација.

„Доаѓањето на нискобуџетните компании овозможи релативно добра можност граѓаните да прошетаат, бидејќи се цените прилично ниски, па во тој дел апсолутно има раздвижување, како и во туристичкиот дел спрема Охрид. Сè уште е многу малку, но тоа е подобро отколку ништо, како што беше до



Вања Битољану, доајен на македонскиот туризам, поранешен претседател на УО на Палер Македонија

досега", вели Битољану во однос на субвенционираните авиолинии.

„Ние тешко", вели тој, „дека ќе се вратиме на сообраќајот од 90 година, во однос на странските туристи, а инаку во однос на нашите граѓани што патуваат надвор, тоа е добра работа".

**„Политиката за субвенционирање на нискобуџетни компании, ако е за граѓаните тоа е добро, апсолутно е добро да се субвенционира бидејќи луѓето ќе излегуваат повеќе, повеќе ќе шетаат, имаат подобри можности. Оттаму се и бројките, бидејќи нашите бројки што ги имаат нискобуџетните субвенционирани компании , во главно се гастербајтерски и многу малку туристички. Значи, приспособено на гастербајтерите, односно на нашите луѓе што работат надвор, тие можат да бираат термини итн.", вели Битољану.**

## Еве зошто Македонија треба да има национален авиопревозник

Националниот превозник, според Битољану, има сосема друга улога, има улога да поврзува бизнис и политички патувања, односно патувања на делегации итн. „Ние, ако сега имаме два пати неделно, на пример, лет до Копенхаген, кој ќе оди од нашите бизнисмени така? Тие бараат дневни летови во двата правца, да појде да заврши работа и да се врати", дециден е Битољану.

**„Ако државата вели дека не се исплати национален авиопревозник, а субвенционира нискобуџетни компании, нека субвенционираат и национална авиокомпанија. Националната компанија нема да биде само субвенција, тоа ќе значи вработување луѓе, висококфалификувани и платени луѓе, ќе биде придонес кон БДП и апсолутен придонес кон сите други работи, од храна, па натаму. Така што, апсолутно сум за тоа да имаме национален авиопревозник. На тој начин и државата повеќе ќе се промовира, државата ќе може повеќе да организира и летови кон Охрид и летови кон Скопје. Може да оди во сосема друга насока во однос на нискобуџетните компании. Нискобуџетните компании сега не се за туризам, или се многу малку за туризам. Тие што патуваат, патуваат индивидуално, тешко да има групи туристи во нискобуџетните компании. Ниско буџетните компании се добри за народот да прошета, да не биде затворен и толку. Тоа е мал дел од нашиот народ, останатите патници се гастербајтрери, луѓе што работат надвор", вели тој.**

„Нашата држава досега не одлучила да има национален авиопревозник од коруптивни причини", вели Битољану.

Во создавањето национален авиопревозник, државата не треба да вложи многу. Ние сме далеку од Европа, вели нашиот соговорник.




Палер Македонија
*Извор: https://www.jetphotos.com*



Освен што летаат, нискобуџетните компании не може да ги задоволат потребите на стопанство и не ги задоволуваат.

**„Еве на пример, Аустрија ерлајнс лета секој ден, лета два пати, Кроација исто така, ние апсолутно таква работа немаме. Ние ако сака некој да оди, на пример, во Шпанија ќе оди, не кога има потреба, туку кога лета Визер, и ќе се врати тогаш кога ќе се врати Визер. Ако сакате да одите во Холандија ќе одите во Ајнховен, кој е 200 км од Амстердам, тоа не е за бизнис. Или па наша делегација, сака да оди во Брисел, нема да оди во Брисел, ќе оди во Шарлероа, и тоа кога е редот на летање, а не кога има потреба за состанок во Брисел", вели Битољану.**

## Авиолинија Скопје – Софија е будалаштина

„Да ја искоментирам и најавата за воспоставување авиолинија од Скопје до Софија", ни вели Битољану, „тоа е будалаштина", а еве и зошто.

**„Тоа да ви кажам дека е смејурија, поради тоа што ако ти треба четири саати да патуваш со кола, ќе ти треба и четири саати да патуваш со авион, ако не и повеќе. Тоа што авионот за Србија лета 24 до 30 минути, не е важно, но додека стигнете на аеродром, додека се чекирате, додека ве прегледаат додека оттаму да излезете, два пати подолго време ќе ви треба да стигнете, отколку да одете со кола. Нема да биде воопшто атрактивна, освен ако не ја субвенционира државата, нема да опстои ниту еден месец. Палер леташе за Србија и немаше патници", се потсетува тој.**

Во оваа конфигурација на аеродромот тешко дека во блиска иднина може да имаме директна линија Скопје – Њујорк затоа што пистата не е доволно долга, на пример, но може да имаме Њујорк – Скопје. Во однос на Ковидот, Битољану вели дека пандемијата предизвика катастрофа за авиобизнисот, но некои држави се приспособија, а некои не. Бројката од рекордни патници од пред некоја година апсолутно може да оди нагоре, има потенцијал и за туристички патувања, но за тоа е потребна организација, порачува тој.

## Што велат надлежните

За тоа, какво е размислувањето и дали ни е потребен национален авиопревозник, од Министерството за транспорт и врски се повикуваат на физибилити студија правена од меѓународни експерти во 2015 година.

**Студијата покажа дека во овој момент нема економска исплатливост, а тоа било пример и во останатите балкански земји, односно дека тие што имаат национален авиопревозник работат на работ на рентабилноста, велат од Министерството за транспорт и врски.**

Инаку, оператор на аеродромите во државата отворени за меѓународен воздушен сообраќај е "ТАВ Македонија", кој ги презема

аеродромите на 1 март 2010 година од претходниот оператор АД "Аеродроми на Македонија".

ТАВ претходно потпиша договор со македонската Влада, со што ги доби под концесија аеродромите во Скопје и во Охрид, „Александар Велики" и „Св. Апостол Павле", за следните 20 години.

По влегувањето на ТАВ во Македонија, тогашната Влада почна со политика на субвенционирање нискобуџетни авиокомпании, по што од година во година се зголемуваше бројот на превезени патници во авиосообраќајот. Од табелата може да се види дека рекорден број патници имало во 2019 година, кој се намали за време на пандемијата.

Во однос за скорашните најави за воспоставувањето директна авиолинија Скопје – Софија со поврзување на трети земји, од Министерството велат дека има заинтересирани оператори, а останува на тоа да се договорат условите и деталите.

**Во моментов, Меѓународниот аеродром во Скопје ги оперира следниве дестинации:**

Белград, Виена, Загреб, Цирих, Истанбул, Варшава, Атина, Киев, Барселона, Базел, Берлин, Братислава, Брисел, Келн, Копенхаген, Дортмун, Ајнховен, Франкфурт, Фридрихшафен, Гетеборг, Хамбург, Хановер, Малме, Милано, Минхен, Нинберг, Осло, Париз, Рим, Стокхолм, Ваксјо, Венеција, Карслуе, Бремен, Турку, Лондон, Хургада, Москва, Анталија, Санкт Петербург и Женева.

**Аеродром „Св. Апостол Павле" од Охрид ги оперира следните дестинации:**

Базел, Виена, Мемимген, Малме, Дортмунд, Амстердам, Ајндховен, Катовице, Варшава и Цирих.

Во однос на креирањето политки во овој сектор, од Министерството за транспорт и врски информираат дека се подготвува нов закон за воздухопловство, што ќе значи усогласување со ЕУ регулативите.

| АЕРОДРОМ СКОПЈЕ | | АЕРОДРОМ ОХРИД | |
|---|---|---|---|
| ГОДИНА | ПАТНИЦИ | ГОДИНА | ПАТНИЦИ |
| 2005 | 525.983 | 2005 | 53.930 |
| 2006 | 547.198 | 2006 | 50.366 |
| 2007 | 630.180 | 2007 | 45.115 |
| 2008 | 658.367 | 2008 | 44.413 |
| 2009 | 602.298 | 2009 | 36.652 |
| 2010 | 684.905 | 2010 | 44.392 |
| 2011 | 763.920 | 2011 | 74.345 |
| 2012 | 835.527 | 2012 | 78.040 |
| 2013 | 984.407 | 2013 | 83.060 |
| 2014 | 1.210.509 | 2014 | 67.834 |
| 2015 | 1.456.387 | 2015 | 103.994 |
| 2016 | 1.651.826 | 2016 | 142.550 |
| 2017 | 1.868.272 | 2017 | 159.072 |
| 2018 | 2.158. 259 | 2018 | 184.283 |
| 2019 | 2.358.548 | 2019 | 317.218 |
| 2020 | 710.750 | 2020 | 72.126 |
| 2021 | 1.269.224 | 2021 | 122.154 |

**Извор: Министерство за транспорт и врски*

Вања Битољану со екипажот на Палер Македонија



# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

## Проф. д-р Васко Наумовски

Поранешен вицепремиер за
европски прашања и поранешен амбасадор
на Македонија во Вашингтон, САД



НАУМОВСКИ: ***Без високи стандарди, не може да се очекуваат нови инвестиции***

„Една од клучните задачи на дипломатијата треба да биде привлекувањето инвестиции, во соработка со другите институции надлежни за оваа тема. За жал, во изминатите години нема видливи резултати на ова поле, и голем број од инвестициите во регионот ја заобиколуваат Македонија. Пред неколку години бевме лидери по бројот на странски инвестиции, а сега сме далеку од врвот", вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент, проф. д-р Васко Наумовски, поранешен вицепремиер за европски прашања и поранешен амбасадор на Македонија во Вашингтон, САД. Наумовски зборува и за процесот за проширување и за меѓусоседските односи со Бугарија.



**Проф. д-р Васко Наумовски**
Поранешен вицепремиер

### 1. Како поранешен вицепремиер и амбасадор, како ја оценувате актуелната политичка состојба во Македонија?

Во континуитет сме сведоци на една латентна политичка криза, која во суштина е резултат на недоволната зрелост на политичките елити, како и недостиг на способност за детектирање на вистинските проблеми на општеството, како и усогласување на начините за нивно решавање на долг рок. За жал, во дневно-политичката комуникација доминираат омразата, навредите и негативната енергија, а отсуствува судир на програми, проекти, и алтернативи за актуелните општествени проблеми. Оваа ситуација придонесува и за намалениот одзив на гласачите при изборните циклуси, и намалениот интерес за политиката воопшто, при што се зголемуваат апатијата, безнадежноста, како и интересот за трајно напуштање на државата.

### 2. Земјава уште еднаш доби само ветување и пропуштен датум за влез во ЕУ. Дали причините на меѓународната заедница што одново нè стави во чекалнатa се реални и дали сметате дека оваа владејачка гарнитура има капацитет да нè однесе на европскиот пат?

Процесот на проширување одамна не е дел од врвните приоритети на Европската Унија, и за жал тој процес не ги доживува своите најдобри денови. Од политика што значеше придобивка за милиони Европејци од двете страни на берлинскиот ѕид, денес проширувањето е политика со која не сите држави-членки на ЕУ сакаат да се занимаваат, знаејќи дека кај многу од нив, домашното јавно мислење не е во полза на прием на нови држави во Унијата. Иако застојот е резултат на ветото на една држава-членка, јавна тајна е дека и дел од останатите членки се против проширувањето, и на некој начин „се затскриваат" зад државите што го употребуваат ветото во даден момент.
Во однос на капацитетите на актуелната власт, доволно е да се анализираат состојбите во областите што се најзначајни за исполнување на критеримите за членство: владеењето на правото, борбата против корупцијата, ефикасноста на администрацијата, како и заштитата на животната средина, здравството, итн. Реформите во сите овие области се клучни за достигнување на европските стандарди, и треба да бидат приоритет за секоја власт, без разлика на статусот во европската интеграција. Сепак, отсуството на видливи резултати на овие полиња, како и недоволната посветеност кон суштински реформи во изминатите години не влеваат надеж дека во скоро е можен реален напредок на патот кон ЕУ. Формалниот чекор напред би бил почетокот на преговорите, но вистинската европеизација нема да се случи сè додека не се достигнат критериумите за членство - процес што бара темелна модернизација во сите области од општествено-политичкиот и економски живот.

**3. Меѓусоседските односи со Бугарија навидум се решаваат, но дали тоа значи дека Македонија е единствената која ја подава раката или Бугарија навистина сака да најде решение?**

Основата на актуелните проблеми со Бугарија е во недоволната подготовка на Договорот потпишан пред речиси пет години, кога за неговата содржина не беше доволно консултирана стручната јавност, а не беше постигнат ниту консензус со останатите политички фактори. Избрзаните потези тогаш резултираа со ќорсокак денес. Дополнително, Бугарија е членка на ЕУ, а Македонија е држава-кандидат, со што преговарачката моќ на двете страни е различна. Позитивен момент во последниот период е новата влада во Бугарија, која ја напушти реториката на претходните влади таму, со што се создава подобра атмосфера во билатераните односи. Проширувањето на дискусиите со теми од економијата, трговијата, образованието и слично, ги става историските прашања во втор план, и може да доведе до зголемување на довербата и пробив во решавањето на билатералниот проблем. Средината на оваа година веројатно ќе биде периодот кога ќе може да се направи евалуација на завршените активности и да се разгледа можноста за повлекување на ветото од страна на Бугарија.

**4. Како го оценувате заедничкото чествување на 150-годишнината од раѓањето на Гоце Делчев, од премиерите на двете земји, Ковачевски и Петков?**

Прашањата од областа на историјата се оние за кои е најтешко да се најде заеднички јазик. Историчарите треба да работат согласно нивната методологија, врз основа на историските факти, без политички влијанија. Сепак, дури и да не се постигне согласност за сите прашања, не би требало да го сфатиме тоа како некоја трагична состојба. Улогата и значењето на многу личности и настани од историјата се оценуваат различно и во многу други европски држави, и тоа не е пречка за добри билатерални односи меѓу нив. Дополнително, прашања од областа на историјата не би требало да бидат клучни во процесот на европска интеграција. Оттаму, сите заеднички чествувања, за кои е постигната согласност од научните кругови, можат да имаат позитивно влијание ако се прават со добра волја, и не се придружени со омраза, понижувања, или пак злоупотребувани во дневнополитички цели.

**5. Дали сметате дека е праведно Македонија да го прифати бугарското малцинство, додека Бугарија го негира македонското?**

Сите прашања поврзани со човековите права во Македонија би требало да се разгледуваат во текот на самите преговори, каде што постојат конкретни преговарачки поглавја за таа област. Но, за да дојдеме до тие прашања, прво треба да ги отвориме преговорите, и во самиот тој процес да се истакнат сите забелешки што постојат, а се поврзани со исполнување на Критериумите од Копенхаген. Истовремено, добрите практики на државите-членки во ЕУ претпоставуваат доследно почитување на сите меѓународни конвенции за човековите и малцинските права, со што оние држави што се веќе дел од ЕУ даваат пример за државите што се кандидати. Постоењето на Македонците во Бугарија не зависи од политичка волја или одлука, туку е реалност што не може да се негира, и тоа е потврдено и со историските документи на самата бугарска држава, но и на меѓународно поле. Иако уставните концепти на двете држави се различни, постојат начини на кои и Македонија и Бугарија може да ги заштитат правата на сите нивни граѓани.

### 6. Дали предвремени парламентарни избори ќе бидат решение за Македонија да излезе од економската криза?

Решенијата за економската криза треба да се бараат со ангажирање на целиот кадровски потенцијал со кој располага државата, и со консензус на политичките партии, знаејќи дека економскиот напредок и благосостојбата на граѓаните би требало да е цел на сите нив. Во овој момент е тешко да се претпостави дали евентуални предвремени избори би резултирале со стабилизација на состојбата, или пак би значеле почеток на нова епизода на политичка криза. Намалената поддршка од гласачите за традиционалните политички партии, појавата на нови движења и независни кандидатури, како и промена на изборниот модел, можат да предизвикаат состојба во која повторно ќе доминира краткорочниот политички интерес, а не долгорочниот државен интерес. Во состојби на криза, државите вообичаено размислуваат за ставање на политичките разлики во втор план, а партиите се насочуваат на поблиска соработка со цел излез од кризните ситуации.

### 7. Економијата стагнира, инвестиции имаме сè помалку, сметате ли дека дипломатите треба повеќе да лобираат за привлекување странски капитал?

Една од клучните задачи на дипломатијата треба да биде привлекувањето инвестиции, во соработка со другите институции надлежни за оваа тема. За жал, во изминатите години нема видливи резултати на ова поле, и голем број од инвестициите во регионот ја заобиколуваат Македонија. Пред неколку години бевме лидери по бројот на странски инвестиции, а сега сме далеку од врвот. Дипломатијата, и нејзиниот економски дел, не треба да бидат дел од дневната политика, туку дел од областите за кои има широк политички и




**Проф. д-р Васко Наумовски,**
Поранешен амбасадор во Вашингтон

општествен консензус. Во привлекувањето на инвестициите, исто како и општо во меѓународните односи, е потребен континуитет, и имунитет на политички влијанија, посебно оние предизвикани од промена на власта. Како и во многу други области, и овде сме далеку од остварување на таа цел.

### 8. Како Македонија повторно да се најде на мапата кај странските компании?

Инвеститорите се заинтересирани и за општата политичка и економска стабилност во државата, безбедноста на нивните инвестиции, владеењето на правото, како и функционирањето на администрацијата. Без високи стандарди во овие област не може да се очекуваат нови инвестиции.

# МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ НА 82. МЕСТО ОД 141 ЗЕМЈА

## 65 ОТСТО ОД СТУДЕНТИТЕ РАЗМИСЛУВААТ ЗА ЗАМИНУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО, ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА ИМ Е НАЈПРИВЛЕЧНА НА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ ВО ВИСОКОРАЗВИЕНИТЕ ЗЕМЈИ

**Амбиција, нов предизвик или желба за поквалитетно образование и безбедна иднина? Дали да се остане во земјава или високото образование да се продолжи надвор – дилема со која сè почесто се соочуваат младите. Причината зошто голем број студенти се одлучуваат да ја напуштат удобноста на домот и да заминат на студии во странство, пред сè лежат во подобрите услови што ги нудат универзитетите во високоразвиените земји. Ги прашавме младите зошто се одлучиле на ваков чекор. Велат, практичната настава, можноста за специјализација и условите за вработување што ги добиваат веднаш по завршување на студиите биле пресудни да ја напуштат Северна Македонија и образованието да го продолжат во други земји.**

Еден од многуте студенти што среќата си ја бараат во западноевропските земји е и скопјанецот Никола Симоновски, студент по општа медицина на медицинскиот факултет при Рур Универзитетот во Бохум. Тој вели дека одлуката да замине во Германија му дошла природно бидејќи средно училиште учел во гимназија во германска паралелка. „Се одлучив за Германија затоа што сметам дека образованието и условите за изучување се на повисоко ниво од Македонија, но исто така и поради можностите за вработување што ќе ми се отворат по завршување на факултетот“, вели Никола.

**Во услови на пандемија, како се одвива наставата и како си задоволен од начинот на настава во Германија?**

За време на пандемијата, досега сме имале повеќе различни системи. Овој семестар предавањата ни се онлајн, како и претходните семестри, а сите вежби надвор од предавањата ни беа на факултет со присуство, што беше многу подобро од претходно, затоа што имав прилика поубаво да ги видам работите и да ги запознаам моите колеги. Начинот на настава е прилично добар и сум задоволен со распоредот, немаме денови со преполн распоред, каде што целиот ден е со предавања, што сметам дека е добро, затоа што остава повеќе слободно време, но и доволно време за учење на поминатиот материјал.

**Колку се достапни професорите за помош и за консултација со студентите?**

Од мое лично искуство, професорите се расположени да помогнат во случај да има нешто нејасно, особено на вежбите со присуство. Во поглед на предавањата што се онлајн, студентите имаат можност да поставуваат прашања во chat-от, на кои професорите одговараат и го разјаснуваат тоа што е нејасно.

**Зошто младите се одлучуваат да студираат во странство? По што се разликува образованието во Германија од македонското образование?**

Мислам дека младите се одлучуваат да студираат во странство поради подобри можности за нивната иднина, а верувам дека голема улога играат и поголемите плати во сите области, во споредба со Македонија. Во поглед на студиите по медицина, во Германија многу повеќе се обрнува внимание на практиката, што мислам дека е особено важно за студенти што се стремат да бидат идни доктори, поради тоа што односот помеѓу докторот и пациентот е многу важен, а тие вештини се изучуваат и подобруваат преку практика во болница.





Медицински факултет „Универзитет Рур“ – Бохум, Германија



Универзитетот Харвард 11-та година по ред е на врвот на анкетата на најдобрите светски универзитети по репутација. САД како целина остануваат најзастапената земја, со 57 институции именувани во рангирањето, додека Велика Британија има втор највисок број, со 25. Еден значаен новодојденец оваа година е Кина. Универзитетот Цингхуа во Пекинг се искачи за три места оваа година, на 10. место, со што стана првата кинеска институција која се проби во првите 10. Универзитетот во Оксфорд, пак, во истата година кога помогна да се развие вакцина против КОВИД-19,  се искачи за две места, на третата позиција.





**Универзитетот Харвард**
*Извор: https://www.cnbc.com*

Студенти во Северна Македонија сведочат дека студиите во земјава се темелат на многу теорија, а малку практична настава. Дел од студентите што се насочени кон техничките науки, сметаат дека она што недостига се лаборатории за практично учење, но и истражувачки центри. Вината за ова ја гледаат во оскудните финансии што власта ги насочува кон модернизација на високообразовните установи.

Дека образованието во земјава не е на задоволително ниво, сведочи и последната статистика на Светскиот економски форум, кој ја рангираше Северна Македонија на 82. место од вкупно 141 земја.

Според истиот извор, овие земји може да се пофалат по квалитетот на образовниот систем:

**Норвешка** - Оваа држава на големо ги финансира сите нивоа на образовен систем. Јавното образование е бесплатно, освен на претшколско ниво, каде што родителите плаќаат даноци.

**Нов Зеланд** - Образованието во Нов Зеланд е сконцентрирано на учениците, на кои им овозможува континуирана настава и напредок во учењето, така што знаењето стекнато на едно ниво поставува темели за наредните чекори.

**Холандија** - Училиштата не даваат многу домашни задачи до средно, додека учениците пријавуваат помал притисок и стрес. Училиштата се поделени на верски и „неутрални", а мал број се приватни училишта.

**САД** - САД се домаќини на над еден милион меѓународни студенти.

**Финска** - Финска е позната по тоа што нема никаков ограничувачки систем - сите ученици, без оглед на способноста, учат во исти одделенија. Како резултат на тоа, јазот помеѓу најсилните и најслабите ученици е најмал во светот. Исто така, финските училишта даваат малку домашни задачи и имаат само еден задолжителен тест на 16 години.

**Сингапур** - Сингапур се најде на високо место на ПИСА-тестирањето. Но, училишниот систем на оваа држава е познат по тоа што ги става учениците под голем стрес уште на рани години.

**Швајцарија** – Оваа земја може да се пофали со многу квалитетно државно образование. Само 5 отсто од учениците одат во приватни училишта.

Универзитетот Харвард 11. година по ред е на врвот на анкетата на најдобрите светски универзитети по репутација. САД како целина остануваат најзастапената земја, со 57 институции именувани во рангирањето, додека Велика Британија има втор највисок број, со 25. Еден значаен нововојденец оваа година е Кина. Универзитетот Цингхуа во Пекинг се искачи за три места оваа година на 10. место, со што стана првата кинеска институција која се проби во првите 10. Универзитетот во Оксфорд, пак, во истата година кога помогна да се развие вакцина против СОВИД-19,  се искачи за две места, на третата позиција.

# *Речиси и да нема странски студенти во Македонија*

Анализа на квалитетот на високото образование во Република Македонија, спроведена од неколку професори во МАНУ која беше објавена минатата година покажува дека земјава има најмала стапка на запишување во високото образование, односно помалку од половина од средно образование продолжуваат на факултет.

„Македонските универзитети не привлекуваат многу голем број на странски студенти. Во просек, околу 10% од студентите на сите факултети се странци, додека квотите дозволуваат до 20% од вкупниот бројот на студенти", се вели во анализата на МАНУ.

Понатаму, податоците покажуваат дека едвај 57,2 отсто од неодамна дипломираните студенти биле вработени, што е ниска стапка, споредено со со државите од Европска Унија, каде што се вработени над 80% од неодамна дипломираните студенти.

Првичните резултати од истражувањето покажале дека студентите се задоволни од квалитетот на факултетот, но ја критикувале недостапноста на професорите и квалитетот на контактот.  Студентите најчесто ги евалуираат со најниска оцена достапноста на спортски објекти (53,2% оцениле со 1) и неадаптирана инфраструктура и материјали за лица со посебни потреби. Потоа, се прават негативни забелешки за недостапноста на простор за социјализација (33,4% -1; 19,7% -2) или кафетерија (32,4% -1; 15,7% -2), како и за состојбата на зградата на факултетот на кој студираат (29,3% - 1; 18,2% - 2). Понатаму, околу половина од студентите и професорите сметаат дека и достапноста на кабинети за специфични предмети и компјутерски лаборатории, исто така, не е соодветна за непречено одвивање на наставата.

Иако на прв поглед изгледа дека студентите ги вреднуваат македонските универзитети и имаат високо мислење за квалитетот на високото образование во државата, загрижувачки е фактот дека голем дел од нив (65,4%) размислуваат за заминување во странство, а 42,3% имаат и планови за напуштање на земјата во блиска иднина. Една од најзастапените причините за ваквите одлуки е потенцијално подобрите услови за работа.

*Извор: МАНУ*

**Љубљански универзитет**



Словенија е една од најатрактивните дестинации на студентите од Северна Македонија, најмногу поради близината и сличната култура помеѓу двата народи, а потоа и поради билатералниот договор за бесплатно образование, кој двете земји го потпишаа во Љубљана во 2016 година.

Љубица од Тетово е студент во трета година на Универзитетот во Љубљана, отсек компјутерски науки и информатика. Таа вели оти поради пандемијата студиите ги почнала онлајн, но оваа учебна година повторно се вратиле во предавална.

„Пристап до материјали за учење има секој студент, сè се објавува на онлајн училница. Дополнителна литература има во библиотеките на самите факултети. Квалитетот е на високо ниво, професорите разбирливо предаваат и се водат по студентите, колку и дали ни е јасно. На пауза, после предавање се тука за прашања. Секој професор, асистент има закажан термин за консултации секоја недела, секако секогаш можеш да пишеш и емаил. Тешко е, но секогаш имаш можност да прашаш асистент/професор, има и туторство на двата факултети“, вели таа.

Според неа, квалитетот на образованието не може да се спореди со тоа во Македонија. Условите, вели, се многу подобри што укажува на инвестирање во образовните институции, а голема предност е тоа што образованието е бесплатно. „Целиот процес е поорганизиран, од запишување година до пријавување испит е преедноставно и барем околу тоа немаме додатен стрес. Има можности за студентска работа и за време на студиите, а факултетот организира и саеми за вработување. Постојат и смерови каде што дел од студиите се само пракса. Има можност за практика на факултетот, со што се добиваат кредитни точки, кои потоа може да се искористат за изборен предмет“, додава Љубица.






Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот за туризам и менаџмент


UNWTO

# Superbrands

UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE

## UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC